**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение Триесеттата седница на**
**Собранието на Република Македонија одржана на**
**18 јули 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на република Македонија со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Триесеттата седница на Собранието на РМ.

Пратениците: Благој Голомеов, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Ѓорѓи Оровчанец, Ганка Самоилова - Цветановска, Ѓорѓи Трендафилов, ана андова, Зоран Томиќ, Есад Рахиќ, Неждет Мустафа, Сашко Ќедев, Стојан Андов и Али Ахмети, од оправдани причини нема да присуствуваат на денешната седница.

Пред да продолжиме со работа, би сакал да Ве известам за договорот што го направивме со некои од координаторите што се присутни во салата. За да не работиме до 17,00 со пауза, да работиме до 15,00 - 15,30 без пауза. Тоа е истото работно време, само ќе ја скокнеме паузата за да не се доведеме во позиција после 15,00 часот, обично во петок, имаме закони за гласање, не се големи, освен овој закон што е сега, 15,00 - 15,30 ако некој закон биде на половина да не остане, амандмани ако почнат да се гледаат и ќе завршиме.

Се согласувате, нели? Да.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за амнестија.

Збор бара г-динот Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници од Владата,

Проблемот на лицата кои поради некои причини не се одзвале на поканата за војска се следеше од власт во Власт. Досега, речиси никој сериозно не се занимавал овој проблем, би рекол општествен проблем, да се реши. Тоа што треба да се истакне во

моментов е расположението на моменталната влада, посебно на Министерсворто за правда и Министерството за одбрана сериозно да се зафат за ова прашање. Еве, денеска пред нас имаме Предлог закон за амнестија за лица кои не се одзвале на поканата за воена служба.

Не сакам да кажам дека во моментов, да навлегувам во причините и мотивите зошто овие лица не се одзвале на поканата за воена служба, но би истакнал дека сето ова не треба да се гледа и да се разбере како дејствување против војската или како дезертација. Мислам дека со усвојување на овој закон ќе постигнеме да решиме еден сериозен проблем, затоа што се однесува на голем број на млади лица.

Со образложението на Владата по Предлогот на законот се кажува дека усвојувњето на овој закон е изразување на добра волја и дека е во функција на почитување на хуманиот и цивилизациски аспект на современиот свет. Јас мислам дека во овој случај треба да се истакнат и другите аспекти што треба да се имаат предвид. Тоа се економскиот и социјалниот аспект,

Ако имаме предвид дека околу 3000 лица што се амнестираат со овој закон се над 30 годишна возраст и за сите овие лица се покренати обвинителни акти и за сите нив треба тие да ангажираат адвокати во судски постапки, можете да замислите на какви трошоци се изложени овие лица и нивните семејства.

Исто така, го имам предвид и фактот дека општата бројка на оние што треба а се амнестираат на овој закон е околу 20 илјади. Ако го имаме предвид фактот дека над 80% од нив се носители на семејство, тогаш требе да кажеме дека ефетктот на законот од социјален и економски аспект за семејствата на оние кои се амнестираат е голем.

Слободно можам да спомнам и еден друг аспект за што мислам дека со усвојувањето на овој закон ќе влијае позитивно. Тоа е митото и корупцијата.Иако немаме податоци за овој феномен, меѓутоа, ако се засноваме на она што сме го прочитале во средствата за јавно информирање, корупцијата не изостанала во овие случаеви. Затоа, имајќи предвид дека ние како партија но и како Влада се ангажираме против корупцијата, мислам дека со ова ќе влијаеме на директен начин во намалување на корупцијата.

Ова прашање, како проблем, сме го идентификувале уште порано. Затоа сме се ангажирале на непосреден начин за донесување на овој закон, преку кои што ќе се амнестираат сите лица што не се одзвале на поканата за воена служба.

Уште еднаш сакам да честитам на Министерството за одбрана за овој закон и да истакнам дека ќе гласаме за.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Манев Ефтим.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван пртседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Накратко би сакал да дадам едно мое размислување по предложениот џзакон за амнестија за што имаше доста дискусии до сега. Очигледно, на сите ни е јасно дека овој закон е закон на политичка волја, на добра волја, на помилување или амнестирање луѓе кои го прекршиле Кривичниот законик, правејќи повреда на Законот за одбрана

Се тргнува со многу милост или почит кон оние граѓани кои не се јавиле на поканите за одење во војска, па го сториле тоа кривично дело. ги сожалуваме оние кои се на прилично добра возраст каде граѓани од 27 па нагоре годишна возраст, но сепак треба да имаме предвид дека нивни врсници го служеле воениот рок и не се во иста положба со овие што треба да ги амнестираме.

Во целина, ја поддрчуваме волјата дека овие луѓе треба да се амнестираат, како и другите пратеници што се изјаснија на тоа поле, би сакал да укажам на неколку други работи што не треба парламентот во иднина да стане парламент за само помилување или амнестирање на одредени граѓани кои би правеле кривични дела. Тоа укажува дека во РМ, правниот систем или правото не владее, туку владее политика.

По отој повод би сакал да дадам сугестии што не се во контекст со овој закон, но користам можност што е овде министерот за одбрана, што се сметам дека се укажува за потреба за интервенирање во Законот за одбрана по однос на одредбите со што се утврдува начинот на служење на воениот рок.

Сметам дека рокот од 18 до 30 години е доста долг период кога се дава едно право да секој граѓанин го отслужи воениот рок во тој временски период. Сметам дека во иднина, со една интервенција во Законот тоа треба да се скрати, таа доброволност да трае до 21 година, а другото натаму да биде присилно. Кој не ќе сака да се повини или да го служи воениот рок во тој временски период, што сметам дека е корист и за ссамата армија на РМ, што нема да имаме во неа луѓе од 18 до 30 години, што претставува и те како тешкотија во самата обука. И во извршувањето на задажите што се ставени пред нашите војници.

Мислам дека ќе има место за размислување од страна на министерот во тој дел, а во една таква состојба би се одбегнало луѓе да доаѓаат во состојба да наполнат 27 години, после да отиде војска што е и те како тешко. Голем дел од нас кои сме мажи овде, кои сме оделе после завршување на факултет војска, после 25 години, сме ја чувствувале таа тешкотијаво однос на генерациските причини меѓу луѓето. Кога би го тоа

направиле, мислам дека овој проблем прилично ќе отпадне и во иднина не би се појавувало такво нешто, а исто така, потребное поострување на повикувањето, бидејќи се прават толеранции при самото повикување на таквите лица. Ги пријавуваат како да не се овде, а во тој временски период, после средно училиште мислам дека е најповолен период за отсллужување на воениот рок. Исто да се размисли дали како и досега, служењето на воениот рок треба да биде право и обврска. Јас сметам дека тоа е само обврска а не право. Доколку постои право, тој има право и да не ја служи. Тоа право нема да го користи. Тогаш, би дошло до ова што денеска и носиме закон за амнестија.

Би сакал најодговорно на тој дел да размислите, исто сите како учесници во оваа постапка, како пратеници кои го носиме овој закон, дека не треба парламенмтот да го претвориме во носење на закони за амнестија. Амнестијата е отстапување од правниот систем, од владеење на правото во државата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Талат Џафери

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влдата, почитувани колеги,

Пред нас денеска, во процедура, е актот за усвојување на предлогот на законот за аменстија на граѓаните на Република Македонија кои не го завршиле воениот рок. Да не се повторам со претходните говорници, сакам да дадам една ретроспектива на проблемот со што денеска се соочуваме, фактички со амнестијата, од причини за негово усвојување и за потребата за ослободување од натамошна обврска на лица што и ден денес не се одзвале на оваа обврска.

Сведоци сме на сите политички движења, на почетокот на распадот на Бившата Југословенска Федерација. Сведоци сме на сите воени дејствија во процесот на распадот на истата федерација и, како последица тој процес на распаѓање, со полтичка одлука од тоа време, политичките субјекти на РМ, со причина на луѓето кои избегале од војните на Бившите југословенски простори и пред младината на РМ, која сака да ни се одзве, да избега од воената обврска, еден голем број на тие млади кои беа на извршување на воената обврска и кои беа на возраст до 24 години и помлади, политички им беше дадено тоа право, врз основа на политичка одлука и денеска да се најдат пред овој акт и да се соочат со кривичниот законик, да се соочат со судска процедура и да се соочат со нивниот опстанок, егзистенција.

На почетокот на овој парламентарен состав, со измените и дополнувањата што се направија во Законот за одбрана, како коалиција во Владата, а особено пратениците на

ДУИ, подигна иницијатива, покренаа иницијатива за изнаоѓање начин за решавање на овој проблем, што не следи веќе 10 години. Имајќи ги предвид концептуалните процедури во РМ, концептуалните определувања на РМ, како и акциониот план за зачленување на НАТО за 2002 и 2003 година, каде што јасно се вели дека до 2007 година во РМ ќе се направи трансформација и реформирање на АРМ и на Министерството за одбрна. Оваа трансформација и реформа предвидуваат составот на АРМ до 2007 година да биде 70% професионален состав и 30% регрути.

Имајќи го предвид бројот од 17 до 20 илјади млади помеѓу 27 и 30 години, над 30 години, имајќи ги предвид обврските за извршување на воената обврска до возраст од 30 години, ќе дојдеме до ситуација по шест месеци од усвојувањето на овој закон, на место на лицата, 2000 кои треба да се амнестираат, да произведеме 6000 нови лица кои ќе се соочат со Кривичниот законик.

Имајќи предвид дека оваа определба РМ да има ефикасна армија, мобилна, професионална армија, што подразбира и врз основа на Законот за одбрана во професионалнот состав да се вклучат млади до 27 години, подразбира дека е одвишок обврската на групата меѓу 27 години за извршување на воената обврска. Но, во овој правец, исто така, не се избегнало од Уставната определба воената обврска претходно да се признае како право на граѓанинот на РМ, и со ова право се одредува и обврската за извршување на воената обврска.

Имајќи го предвид сетоа ова со Законот за амнестија се предвидува можност лицата кои можат да го искористат ова уставно прво, ќе треба да се појават пред соодветните органи на Министерството за одбрана и да ја изразат својата волја дали ќе го искористат ова право или не. Во овој правец знаме дека во Законот за одбрана е предвидена и институцијата - спротивставување на совеста. Ние мислиме дека во оваа група ќе има одреден број на тие лица кои ќе ссакаат да ја искористат оваа институција, овој институт.

Врз основа на тоа, да им се овозможи да го искористат нивното право за алтернативно служење на воениот рок. Затоа, и предлозите кои се дадени во Предлог-законот се во овој дух. Тоа што треба да се нагласи е дека во член 2 се предвидува можноста и обврска на сите лица од 27 до 30 години возраст и на оние што не се во евиденција, во рок од 6 месеци од моментот на усвојувањето на законот или стапувањето во сила на закнот да се појават пред соодветните органи и да се изјаснат за нивниот статус во правец дали сакаат да го искористат правото за извршување на воената обврска или пак да се ослободат и да се транферираат во резервниот состав. Тоа е главниот момент, оваа група и овие граѓани на Република Македонија ќе треба да го

разберат и треба да се придржуваат и ова е јасен сигнал за сите оние граѓани до 27 години возраст дека нема да има друга можност и нема да има оправдување, политичка, или пак безбедносно тие кои што нема да го извршат воениот рок до годината кога наполнуваат 27 години, да не сметаат на можна амнестија или некое слично дејствување.

Ја поддржувам идејата на претходниот говорник, како последица од искуството на овој закон за амнестија и определбите на Република Македонија во областа на одбраната и безбедноста, во блиска иднина, ќе треба да се направи навлегување во Законот за одбрана, така што категоријата на главите на семејствата, на студенти, спортисти ќе треба да се разгледува на посебен начин, од причина што врз основа на обврските и рејтингот што го има државата и институциите, тие надвор од својата волја доаѓаат во позиција до годината кога наполнуваат 27 години, да не можат да го завршат служењето на војската во војската или Армијата на Република Македонија.

На крајот сакам да кажам дека овој парламентарен состав имал политички сенс и добра политичка волја во целиот овој хаос во одбраната и сигурноста на Република Македонија во последните 12 години да направи една слика на ситуацијата и со јасен сигнал да даде на знаење на граѓаните на Република Македонија дека од овој момент и натаму ќе треба да се почитува правната регулатива, сите граѓани на Република Македонија, особено припадниците на националностите кои не му припаѓат на мнозинството на Република Македонија, во овој правец, особено на албанците во Република Македонија од причина што во рамките на обидите и она што во моментот се работи во областа на вклучувањето на албанците во АРМ во професионалниот дел и во старешинскиот дел, мислам дека се создаваат услови и оптимални околности во, од почетокот на 2004 година и натаму, секако и по усвојувањето на Законот за амнестија,младите албанци слободно да можат да одговорат на поканата за служење на воениот рок во АРМ, имајќи предвид дека во наредните 6 месеци и наредна група од 120 подофицери ќе одат на тренирање и ќе одговарат на соодветните барања и обврски во рамките на АРМ. Мислам дека се создадени сите услови и околности овој предлог закон да се поддржи и верувам дека мнозинството во Парламентот ќе го поддржи овој предлог закон. Слободно можам да кажам, во името на парламентарната група на ДУИ дека ние ќе го поддржиме овој предлог закон и сето она што треба да се направи пред медиумите ќе го дадеме својот придонес кај населението, сите оние кои се нагласени во Законот за амнестија на правичен начин и на време да бидат информирани за обврските кои произлегуваат од овој закон, за да можат на време да ги искористат своите права во однос на Законот за амнестија.

Уште еднаш ќе нагласам дека ние ќе го поддржиме овој предлог на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за госпоѓата Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господинот пратеник се повика на правото на приговор на совеста. Би сакала само да го потсетам дека правото на приговор на совеста во Република Македонија за прв пат е воведено во легислативата во Законот за одбрана од 30 мај 2001 година. Истиоот институт “приговор на совеста” има претрпено измени и дополнувања, со последните измени и дополнувања на Законот за одбрана од 23.01.2003 година, со кој институт се вели дека “по исклучок од член 7 на овој закон, регрутот кој од верски или морални убедувања, приговор на совеста, не сака да служи воен рок со оружје може да служи воен рок во Армијата без оружје или да служи воен рок во цивилната служба. Ако веќе го имаме како легализиран институт во Законот за одбрана и ако од член 2 од предлог законот за амнестија колегата се повикуваше дека било имплементација на постојниот, зошто тогаш никој не го искористил тоа право.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитувана колешке, институтот “приговор на совеста” во Република Македонија е познат од 2001 година, а во Европа е познат уште од 80-сетите години. Во овој првец, регулативата која постоеше не го овозможуваше правото на овој институт и априори на позиција на нееднаквост ги донесе сите граѓани на Република Македонија имајќи предвид дека станува збор за група на лица од 27 години или над оваа возраст, но имајќи предвид дека најголемиот број на лицата од оваа група, особено припадниците албанци, неможејќи да го решат проблемот со вработувањето во Македонија, тоа го решиле надвор од државата. Прашувам дали би биле во можност, обврските од семејството кои произлегуваат од одржливоста на семејството ќе ги преземете вие, за да може да ги обврзете на оваа возраст на оваа позиција, кога се знае дека Република Македонија нема спогодба и договор со земјите односно државите каде што работат нашите граѓани, од тие спогодби да произлегува и обврска на соодветна држава за зачувување на нивните работни места. Ние како држава и како институција ниту еднаш граѓаните на Република Македонија неможеме да ги доведеме во позиција од регулиран економски статус да ги претвориме во социјален статус или социјален случај. Од тоа произлегува и се поддржува иницијативата за амнестија на овие лица. За да не продолжам многу односно да не бидам долг, затоа не спомнав дека институтот е од 2001 година во комплет со она што е обврска.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пред да ја искористам приликата да проговорам за овој закон, јас се извинувам за моето отсуство во врска со немилиот инцидент од 16.07.2003 година, пред Собранието на Република Македонија, кој ми оневозможи да го изнесам мојот став во врска со Предлог-законот за културата и воедно да се извинам до моите гласачи што не бев во состојба да ги бранам моите и нивни ставови во врска со предложените амандмани.

Во врска со предложениот закон за амнестијан би сакал да кажам неколку зборови. Во Предлог-законот за амнестија, во членот 1 се ставаат кривични дела од разни членови од Кривичниот закон и тоа член 214 - неодзивање на позив и одбегнување на воена служба и член 217 - самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили, по Кривичниот законот на Република Македонија важечки до 1996 година, а сега истите санаа член 341 и 344 по постоечкиот Кривичен закон.

Гледајќи ја квалификацијата на овие членови, станува збор за дезертерство што со овој Предлог закон сите обвинувања и пресуди кон сите лица се прекинуваат. Гледајќи ги проблемите кај луѓето што се јавија на овие повици и станаа да го бранат уставниот поредок на Република Македонија и својата татковина, доаѓаме во ситуација токму тие бранителите да бидат најповеќе оштетени од оваа ситуација. Таква ситуација за покажување лојалност кон државата во која живееме, дај боже да има помалку, но и во ситуација кога ќе и требаме на државата да бидеме на вистинската страна, а не од другата страна на барикадите, што е недопуштено кога сакате да ги ужива правата од државата во која живеете, но нормално е и тоа кога треба да ги исполните обврските кои произлегуваат од правата.

Затоа, би посакал сите бранители да ги добијат сите права кои им припаѓаат со закон, затоа што своите обврски кон државата тие ги исполниле и на тој начин само малку она што значи наша грижа кон нив ќе го исполниме, а не сега да не им признаваме инвалидност и да ги бркаме од работа.

За мене беше несвојствено во текот на воената криза сегашниот ит тогашен министер за одбрана да промени подрачен началник за одбрана кој имаше најголем одзив на воени обврзници во Македонија,а во некои места каде што тој беше под 5% да не се направи ништо за да се промени целата ситуација.

Со моето доаѓање во Парламентот постојано слушав за дослдена примена на Охридскиот договор, каде што се зборува, а јас сеуште тоа го мислам во процесот на манипулација со 20%, затоа што резултатите од пописот сеуште не се објавени и пописот дефинитивно не е завршен, но ние манипулираме со таа бројка 20% и понатаму ги донесуваме сите закони. На тоа посебно се инсистира од албанска страна, се работи за избегнување на обврските во овој случај. Се надевам дека повторно сите заедно ќе се повикаме на Охридскиот договор и тие 20% до сега - глеаме едно големо чудо, сега имаме 13 пати по 20% или тоа е цели 260% за избегнување на обврските.

Господа, мислам дека ако сакаме секогаш да бидеме лојални кон државата и ако сакаме да ги уживаме правата кои што ни ги дава, треба да ги исполнуваме и обврските. Ова лесно се гледа од она што значат бројки како оптужби кои се кривично подигнати за кривини дела, од кои 798 се македонци, а 1534 албанци и оние против кои не е подигната кривична пријава, од кои 3260 се македонци а 7730 се албанци.

Затоа, добро да размислиме кој со кого ќе изедначиме со оваа амнестија и да размислиме што понатаму при повикувањето на воените обврзници и како тие ќе гледаат на овие одлуки, што ќе значи за нивната натамошна ангажираност и нивната замисла како ќе се вклучат во единиците за одбрана на својата татковина.

Затоа јас лично би гласал против овој предлог-закон, но гледајќи една емисија на МТВ многу доцна сношти од 90-тите години за градот Ташкент и за човечките судбини кои учествувале во една граѓанска војна или биле директно инволвирани после 42 години, тогаш значи 90-тите години, а денес 55 години потоа, итите луѓе сеуште не се амнестирани, јас го променив дефинитивно мислењето и ќе гласам воздржано гледајќи ја и чувствувајќи ја таа неправда. Мислам дека сите треба да бидеме свесни за таа ситуација во која се наоѓаме и треба да бидеме и понатаму лојални кон државата во која сакаме да живееме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, кога тргна да се извинува господинот Спиро Мавровски, мислев дека ќе се извини ценејќи ги вредносните системи или задржувајќи некои принципи. Нападот на директорот на РЕК Битола Борче Андреевски и неговото претепување пред очите на неговото семејство или пак од друга страна се извинува што не бил во таа толпа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако господинот Макрадули ја слушаше дискусијата, јас неможам да се извинам ниту за полицијата која ги тепаше демонстрантите тука пред Собранието и со пушки во раце удираше по истите луѓе, и не сакав сега тука тоа да го елаборирам. Инаку, Борче Андреевски премногу го ценам и е мој личен пријател и мислам дека е еден од најдобрите директори кои што се во сегашното раководство во РЕК Битола, тоа јавно ќе го кажам. Од мое име ако треба јас да се извинам лично кон господинот Борче Андреевски, се е во ред, јас тоа ќе го сторам и лично до него но мислам дека ова што се случува, сите треба да бидеме многу внимателни, и господинот Макрадули малку со внимание да настапува во Парламентот затоа што тензијата и она што се случува со луѓето, треба да не биде предизвикана. А во маса и во толпа, кој како ќе реагира, тоа е веќе друга ситуација, за која ниту вие ниту јас можеме да бидеме одговорни за она што може да се случи. Затоа, темата е амнестија, да не се префрламе на други работи што не се поврзани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Сакам да му реплицирам на господинот Мавровски, каде што ги спомнува албанците. Мислам дека има земено предвид и амандманите на Законот кои се предлагаат од Владата. Станува збор за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои од било која причина не ја исполниле воената обврска. Прашањето дека поголем број се албанци кој, а не други, факт е дека албанците се во поголем број но господинот Мавровски треба да знае дека 1993, 1994, 1997 година, да не зборувам и понатаму, истите тие албанци војници беа тепани од старешини, условно да речам, иако не треба да зборам, македонски старешини. Не случајно спомнав во мојата дискусија дека од овој момент понатаму се создаваат сите предуслови тој млад албанец кој треба да ја исполни обврската да се чуствува сигурен таму каде што се наоѓа во воената служба. Доказ за тоа е и последниот случај во Касарната “Гоце Делчев” каде за еден таков случај за невлегување од надвор, во командата се разреши командантот на касарната. Ова се позитивни сигнали кои треба да се изнесат на младите албанци дека нивната безбедност во редовите на АРМ, со присуството на офицерите и подофицерите чиј број се зголоемува ќе биде поголем и причината да ја завршат обврската ќе биде уште поголема.

А за прашањето на правата господине Мавровски, ние донесовме посебни права за припадниците на вооружените сили и не ги мешајте тезите. Ние како парламентарен

состав го покажавме хуманиот став а фактот за неодзивање на мобилизција или 6%, анализирајте го вие добро во вашите редови.

И второ, често ја спомнувате 2001 година. Направете една анализа. Во најтешкиот момент вашиот министер злоупотребува 11 милиони марки и направете една анализа колку лица дезертираа македонци припадници во редовите на АРМ. Затоа, занимвајте се со самите себе, а не со албанците во Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Спиро Мавровски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам за ова не можам ни повеќе да коментирам. Нашата армија незнам против кој се бореше и кој каде дезертираше. Сега одиме во една заблуда за која повеќе незнаеме за што зборуваме. За амнестија се мешаат работи 1995, 1996 година. Значи макеоднските страрешини тие што ги натераа сите албанци да си одат од макеоднската војска и токму 2001 да бидат на другата страна. Дали сега ќе треба д анаправиме една пара војска или паралелна војска, да не искористам некој друг збор, паралелна војска во која што старешините албанци ќе командуваат само со албанските војници и така ќе ја браниме Македонија. Ако е тоа целта на сето ова, мислам дека дискусијата на г-динот Џафери не води кон ништо.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувнаи колеги, почетувани колеги и колешки пратеници,

На дневен ред е Предлог законот за амнестија кој што помина во комисиските расправи и сега еве на дневен ред е на пленарната седница.

Јас би сакал да го кажам своето размислување вов рска со овој закон, иако и на комисиите го кажавме, меѓутоа, со некои проширувања.

Значи, за да се задоволат основните барања на системот за одбрана, системот за одбран амора да се потпира врз расположивите ресурси и да ги респектира потенцијалните извори на загрозување, а во основа треба да се темели на оружените сили на Република Македонија, на цивилната одбрана и на Светскито и регионалните

системи за колективна одбрана и безбедност. Постои длабока и суштинска поврзаност помеѓу предложениот закон за амнестија и системот за одбрана на Република Македонија и остварувањето на воената обврска на граѓаните.

Дека се работи за едно многу значајно право и обврска за одбрана, не случајно е правно регулирано меѓународното воено право, како и во рамките на националните устави на државите.

Правото на одбрана и заштита, како на граѓаните, так аи на државите е санкционирано со меѓународните акти, кои ја третираат оваа материја. Позната и општо прифатена девиза дека секој поединец доколку биде нападнат има право на самоодбрана, а сите законодавства ја прифатија институцијата на нужна одбрана.

Во членот 51 од Повелбата на ОН е содржана изричита одредба за правото на одбрана на секоја земја, која може да биде индивидуално и колективно.

Ваквата определба и позиција на меѓународните документи, по однос на одбраната, кај нас се преточени преку Уставот на Република Македонија и Законот за одбрана.

Во Уставот на Република Макеоднија од 1991 година, одбраната е определена по глава 7 во член 28, каде правото за одбрана е дефинирано како право и должност на секој граѓанин да ја брани сопствената земја.

Согласно Законот за одбрана на Република Македонија, граѓаните во остварување на одбраната на Република Македонија имаат одредени права и се разбира, одредени обврски.

Правата и должностите на граѓаните во областа на одбраната се определени согласно на член 2 од спомнатиот закон, а тоа се да извршуваат воена обврска, да учествуваат во цивилната заштита, да извршуваат работна обврска и да извршуваат материјална обврска. Значи е нешто по комплексно, отколку само служење на воениот рок.

Со предложениот закон за амнестија, директно се третира еден важен сегмент за државата, а тоа е нејзината одбрана. Безбедноста и одбраната на државите, а со тоа и на Република Македонија е суштинска важна активност и состојба за обезбедување на мирот во што се стремат сите демократски држави. Односно, по определено се разгледува остварувањето на воената обврска, како уставна и законска рамка.

Постојат неколку квалитативни особини на правото за одбрана кој можат да се определат како неприкосновено право на секој граѓанин да ја брани сопствената земја. Исто така, неотуѓиво право, со што своето право на одбрана не може да го пренесе на друг граѓанин, ниту може да го присвои како такво од друг граѓанин. И највисока должност

определена со заштита и одбрана се највисоките вредности, а тоа е слободата, независноста, територијалниот интегритет и т.н.

Сето ова ни укажува на местото и улогата и значењето на воената обврска. Во овој вид што се изразува кај нас што треба да ја реализираат сите граѓани на Република Макеоднија, согласно на член 3 од Законот за одбрана, според кој кај нас се реализира општа воена обврска на која подлежат сите граѓани од машкиот пол.

Со Законот за амнестија директно и непосредно  на одредена популација граѓани поради, во наводници, објективни причини им се ускратува правото на одбрана на својата татковина. Како основна причина Владата на Република Макеоднија да го предложи за усвојување и донесување на овој закон за амнестија искажано како израз на добра волја, почитување на цивилизациските и хуманите аспекти на современото општество, како акт на милост и т.н. и мислам дека една од целите  е и целта на враќањето на доверба на граѓаните на Република Макеоднија во државата.

Со донесувањето на законот за амнестија, се поставува еднао принципиелно и практично прашање. Ако овој закон  е израз на добра волја, морален и хуман чин, акт на милост и друго , во случај каков ќе биде изразот на граѓаните кои ќе го добијат ова право. Како тие ќе возвратат на државата. Со нивната лојалност, се разбира. Меѓутоа, законот во овој случај се поставува во улога на едни што ги наградува и заштитува, па се до овозможување на продолжено право да не ја бранат својата држава, со истовремено создавање на можност да ги уживаат иостваруваат сите останати уставни и законски права, вклучувајки ја и можноста да добијат и отпуст од државјанство, а притоа, да не возвратат со ништо. Останатите граѓани остварувајки ја оваа должност ја исполнуваат светата обврска за да притоа го положат и сопствениот живот, а да бидат ставени во нерамноправна положба со амнестираните. Оваа констатација наметнува барање од законодавниот дом, Собранието на Република Македонија, значи мора да се изнајде начин во услови кога се создава нерамноправна положба на граѓаните, при почитување на уставните и законските права, да ги изедначи во остварувањето на обврските.

Законот за амнестија во оваа форма како предлог, тешко ќе може да ја оправда дискреминаторската позиција на другата популација, свесни и лојални граѓани на Република Македонија, кои беа подготвени да ги дадат своите животи за одбрана на Република Македонија.

Како позитивни страни на предложениот закон за амнестија би сакал да ги наведам израз на добра волја, почитување на цивилизациски и хумани аспекти на совереметото демократско општество, акт на милост, разрешување на проблемот на регрутите државјани на Република Македонија, кои не служеле воен рок, илија одбегнале воената

обврска, или самоволно се одалечиле од единиците на Армијата на Република Македонија. Исто така забрзување на процесот на реинтеграција на сторителите на кривични дела по овој основ и заложбата за нивно побрзо враќање во општеството, како слободни граѓани на Република Макеоднија. Истот ака и решавање на проблемот на макеоднските државјани кои се родиле во странство, или пак заминале на млада возраст и притоа немале можност, некогаш и од објективни причини , да служат во АРМ, а сега се кривично гонети и не може да се вратат во Република Македонија.

Секој елемент наброен како позитивна страна од Законот може и дозволув апозитивно да се анализира.

Во однос на позитивните ефекти, кои треба да се постигнат со донесувањето на предложениот закон за амнестија, се поставуваат неколку важни и битни прашања. Дали со донесувањето на овој закон ќе се создаде позитивна клима и доверба и ќе биде оној дел од активните елементи кои ќе влијаат во подобрувањето на вкупната безбедносна состојба. Дали при донесувањето на овој закон се анализираат вкупните ефекти што може неговото донесување да ги произнесе.

Со донесување на законот за амнестија, значи конечно ќе се реши проблемот со упатот во АРМ. Дали ќе се реши? Дали во рамкит ена меѓупартиските преговори на владеачката коалиција законот за амнестија е само дел од договорот. Дали оваа групна амнестија на сите досега и досегашните што ги имавме и во претходниот состав може да бидат како во конкретниот случај и за највиталнит еи најчувствителните државни интереси.

Како негативни ефекти од донесувањето и примената на Предлогот на законот за амнестија, би сакал да ги напоменам . На административен начин се одзема уставното и законски загарантирантоо право за одреден дел од граѓаните на Република Македонија. Совесните и лојални граѓани во тој случај се ставаат во нерамна положба, ако се почитуваат уставните, граѓанските и политичките слободи и права, како што тоа е опредлено во член 9 од Уставот на Република Македонија.

Предлагачот на законот за амнестија во делот 2 цели кои треба да се постигнат со законот вели: имено, во членот 1 се утврдува дека се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постаки и потполно се ослободуваат од извршувањето на казна затвор граѓаните на Република Македонија кои навршиле 30-ет годишна возраст и со тоа не подлежат на воена обврска. Предлагачот на законот заборава дека воената обврска за граѓаните на Република Македонија се состои од регрутна обврска, обврска за служење на воениот рок, обврска за служење во резервниот состав и согласно на член 4 од законот за одбрана. Во овој случај предлагачот заборава на член 66 од Законот за

одбрана, според кој регрутот кој не е упатен на служење на воениот рок до истекот на роковите, а е оценет како способен , или ограничено способен за воена обврска се преведува во резервниот состав во АРМ. Останатите негативни ефекти ќе бидат евидентирани и анализирани понатаму.

Во основа на позитивните и негативните страни тие ефекти што ќе бидат производ од примената на овој закон за амнестија, треба да се разгледаат условите и времето и вистинските цели со што се донесува овој закон.

Имено, имаме намален регрутен контингент, изразито слаб упат, дури и при намалено времетраење на служење на воениот рок што ние го намаливме од 9 на 6 месеци. Континуирано влошена безбедносна состојба. Регионите во државата во кои што сеуште државата нема пристап. Силнит еи бескомпромисни заложби на Владата на Републиа Македонија за почитување и за борба против криминалот, корупцијата и широката офанзива на сите полиња, затворање, политички терор против поединци групни и политички партии. Во вакви услови се донесува закон за амнестија, милост за оние кои што го прекршиле законот.

Во однос на граѓаните кои наполниле 30-ет годишна возраст, со донесување на законот за амнестија фактички, на овие обврзници им се признава служењето на воениот рок, без да го отслужат, се одбегнува една важна обврска, едно природно право, втемелено во Уставот и законите на Република Македонија.

Со самата состојба што ќе настане со донесување на законот, на овие граѓани кои не поминале ниту еден ден во АРМ, ниту военито рок го поминале во цивилна служба им се создава можност да биде признаена обврската , а како резултат на тоа ќе можат да ги уживаат и останатите права и слободи, бидејки тие не се оспособени за служењето во АРМ род или специјалност, не би можеле да бидат распоредени во формациските единици на АРМ од активниот, мобилниот и резервниот состав. Што значи практично имаме одбегнување на военат аобврска целосно и до крај.

Законот за амнестија истовремено го суспендира член 127, член 128 и член 129 од законот за одбрана, односно повторно се прекршуваат и не се извршуваат овие законски одредби кои се однесуваат на глава 10 обучувањето за одбрана.

Со законот за амнестија член 1 се предвидува дека ќе бидат ослободени од гонење, ќе се запрат кривичните постаки и потполно ќе се ослободат од извршувањето на казна затвор вкупно 2773 лица. Оваа бројка сметам дека е валидна, без притоа да се направи квалификативна анализа, освен во образложението што е дадена националната структура на сите овие лица, јас не би сакал повторно да ја повторам, зашто често пати се мисли дека се злоупотребува, меѓутоа, би ги напомнал останатите кои што би требало

да имаат квантативна анализа, т.е. колку од военит еобврзници се воведени во воената евиденција, врз колку се спроведени лекарски и други прегледи, колку се регрутирани, колку воени обврзници самоволно се одалечиле или одбегнале од АРМ, колку воени обврзници воопшто не се воведени во воена евиденција, што е особено битно и колку воени обврзници се наоѓаат во земјата, а колку во странство и колку воени обврзници од нив се пред 2001 година коај ја сметаме за клучна, колку се после 2001 година.

Сите овие квалитативни иквантитативни показатели ги немаме во образложението на Предлогот на законот, како би можеле ние да добиеме една поцелосна анализа.

При анализата на квалитативнит епоказатели, а истите изразени во квантитативни, сметам дека ќе се добие подруга состојба, односно се остава сомение дали бројката 2773 е конечна или не.

Ако овие обврзници се ослободуваат од воената обврска, во тој случан неотуѓивото право за одбрана, фактички овие граѓани како да го пренесуваат на останатите кои што треба да јаљ служат воената обврска, односно ова право е непреносливо. Во тој случај, никој не би можел да го превземе ова право и да ги реализира во друго име. Не е пропишан начинот на кој овие граѓани, согласно усвоениот закон за амнестија ќе бидат преведени во резервниот состав. Сметам дека Министерството за одбрана понатаму треба да изготви  упатство, или правилник , што е кажано во членот 6 од Предлогот на законот и треба тука да се регулира и оваа материја. И пред донесвуањето на овој закон треба да се направи квалификувана, стручна и непристрасна проценка во смисла што добиваат граѓаните со нивното амнестирање, а што добив адржавата.

Во однос на граѓаните помеѓу 27 и 30 години, тоа се граѓани од критична возраст кои можат да ја одбегнат воената обврска за што ќе сносат одреена кривична одговорност, или да го служат воениот рок.

Во однос на оваа категорија воени обврзници чиј број изнесува 12.359,00, исто така сметам дека нема по прецизни показатели и тука во образложението на законот повторно се наведени само националната структура на оваа бројка од 12.359,00 како да сакаат да не мотивира да разговараме само на национална основа.

Би сакал да кажам дека би требало да постојат и показатели , колку воени обврзници на оваа возраст не се наведени во воената евиденција, колку се воведени во воентата евиденција, врз колку се исто така, спроведени лекарски прегледи, колку од нив се регрутирани, колку воени обврзници самоволно се одалечиле или одбегнале од АРМ, колку воени обврзници се исто така како на тие до 30 се во земјата или во странство и дали и на колку воени обврзници им е изречена прекршочна постапка за отповиквување на

поканата за АРМ. Против колку воени обврзници е покрената иницијатива или е изречена пресуда за кривична одговорност.

Кај оваа популација постои расположение да ја одбегнат воената обврска . Не постои изразен мотив, ниту нагласена желба да го отслужат воениот рок. Многу е битно за нив дали против нив се примените одредени правни, законски или други мерки, поради што, пожелно е предлагачот на законот јасно да каже во квантитативни и бројчани показатели колку вкупно се поднесени прекршочни пријави. Со тоа јасно ќе видиме како се мотивирале, принудувале , или на друг начин стимулирале воените обврзници да се упатуваат во АРМ. Притоа ќе се види и работата на државните службеници , провосудните органи, работата на одделенијата за одбрана, секторите и на целото Министерство за одбрана. Ова е битно од причина што можно е Министерството за одбрана, согласно законот за амнестија да ја покрие лошата работа и погрешните потези.

Врз основа на моите констатации и мислења сметам дека законот за амнестија е една позитивна иницијатива со многу неизвесни резултати и ефекти. Сепак законот содржи битни слабости во целина и сериозни дефекти. До крај не можат да се предвидат ефектите што ќе се манифестираат во текот на неговата примена. Законот за амнестија води повеќе грижа на категоријата амнестирани граѓани, при што ги дискриминира совесните и храбри лојални граѓани. Ќе предизвика негативни појави во реализирањето на воената обврска за подолг временски период, иако тежнението на предлагачот е дека ќе се добијат негативни ефекти во овој правец.

Ќе има дестимулирачко дејство за воената обврска и за воените обврзници од 15 до 55 годишна возраст.

Се девалвира работата на државните службеници во Одделението за одбрана и исто така ќе имаме драстично намален опфат и намален регрутен контингент од причини што денес имаме состојба кога и при примена на добри мерки против воените обврзници одзивот е многу слаб, кај поголем дел во Одделението за одбрана тоа е евидентирано.

Според тоа јасно може да се издефинираат три групи на воени обврзници.

Во првата група над 30 годишна возраст во согласност со законот се амнестирани,

Втора група од 27 до 30 годишна возраст јасно се потврдува дека она што го правеле добро, што значи и тие требало да одат во војска по принципот на обострано убедување, и

Трета група законот за амнестија им испраќа јасен сигнал дека не треба да одат војска согласно останатите решенија од групата еден и два.

Сето ова ќе создаде прилив дека воената обврска е непотребна и надмината што може да има тешки последици за одбраната на Република Македонија. Во една ваква состојба ние како пратеничка група нема да го поддржиме овој закон за амнестија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Немам намера да го убедувам пратеникот Трајановски како ќе гласа но бидејќи неколку пати повторува констатации за катастрофалниот одзив и драматично намалениот упат, дури и на Комисијата за одбрана и безбедност спомена дека се размислува, според неговите информации, не знам од каде му се информациите, дури и да нема упат во јунскиот упатен рок би сакал да му ги дадам последните податоци што можеби ќе му помогнат уште еднаш да се преиспита како ќе гласа.

Јунската класа е една од најнепопуларните класи со години. Јас ќе ги дадам податоците за последните четири години, неанализирајќи зошто е тоа така, дали е заради годишните одмори, или приемните испити, но податоците се следните.

Во 2000 година одзивот бил 38,4%; 2001 година 19,2%; 2002 година 41,10% и 2003 година 48,7%, или бидејќи сеуште трае упатот во овој момент над 1500 млади регрути се веќе во касарните на АРМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Денес покрај другите важни закони кои се на дневен ред случајно или намерно се најде и законот за амнестија. Со овој предлог за донесување на закон кој се состои од седум члена, една од причините кои ги наведе Владата се сака да се изрази добра волја во функција на почитување на цивилизациските и хумани аспекти на современото демократско општество. Меѓутоа, основна причина за донесување на овој закон според Владата претставува потребата за разрешување на проблемот на регрутите и државјани на РМ кои не служеле воен рок во Армијата на Република Македонија или не се одзвале на поканата за воена вежба.

Овде веднаш се наметнува прашањето за толку забрзаната и неопходна потреба за донесување на ваков закон. Со оглед на тоа што во исто време политичко-безбедносната состојa, според зборовите на Владата е сеуште кревка од една страна и уште потешката економската положба во која се наоѓа РМ.

Во самиот предлог посебно се нагласени криминолошките и пенолошките аспекти на хумано пристапување и поефикасно остварување на целите на казнувањето. Но, сакајќи по секоја цена да помине овој закон Владата го истакнува посебно хуманото постапување, но многу брзо од нејзиниот делокруг исчезнува токму тој хуман аспект кога се работи за отпуштањата во Електростопанство, најавените отпуштања од клиниките и медицинските центри и јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, Фондот за здравствено осигурување и незнам која институција ќе дојде на ред. Навистина барам Владата да не биде толку хумана за да народот не ја прогласи за најхумана Влада до сега.

Понатаму се наведува дека ова се прави како составен дел на унапредувањето на процесот на реинтеграција на сторителите на кривичните дела и заложбата за нивно побрзо враќање во општеството како слободни граѓани.

Во Кривичниот законик на Република Македонија постојат многу кривични дела и сите тие се предвидени како такви затоа што законодавецот сметал дека со дејството што го има направено сторителот е штетно дејствие и затоа го санкционира со Кривичниот законик, но сепак во овој дел за овие кривични дела ако се споредат со кривичните дела од многу појак тип, како што е убиството споредбата е навистина несодветна.

Самите елементи на кривичното дело убиство и на кривичното дело неодзивање на воен позив се многу различни. Пред се затоа што кај кривичното дело убиство имаме лишување од живот, а овде за ова кривично дело постои само, цитирам “без оправдана причина нема да дојде на определено време на регрутирање иако е повикан со поединечна или со општа покана”. За висината на казната не би сакала да зборувам.

Ако се споредат овие кривични дела ќе се дојде до заклучок дека сторителот на кривичното дело убиство реинтеграцијата и заложбата за негово побрзо враќање во општеството како слободен граѓанин е многу попотребно и понеопходно отколку за ова кривично дело одбегнување, неодзивање на позив, одбегнување на воено отслужување. Вака како што е предложен ние всушност имаме отстапување од начелото на остварувањето на целите на казнувањето, затоа што казната тука не постои, односно неа ќе ја нема понатаму. Затоа ова образложение на Владата за криминолошки и

пенолошките аспекти на хуманото постапување и поефикасно остварување на целите апсолутно не држи.

Друго што сакам да кажам е фактот што Владата во образложението не наведува колку од поднесените 2.773 кривични пријави се завршени, колку се во тек и дали има лица кои се на издржување казна затвор за некое од овие кривични дела. Ако веќе постојат такви лица кои се на здржување на казна затвор, со оглед на тоа што со самото кривично дело е предвидена казна затвор тогаш се прави огромна дискриминација помеѓу тие лугѓе од една страна и оние лица против кои воопшто не е покрената кривична постапка, за да на крајот со овој закон имаат еднаков третман.

Додека некое од овие лица, доколку ги има се на издржување на казна затвор биле или премногу совесни граѓани на Република Македонија или премногу наивни па на судовите им успеало да ги осудат за некое од овие две кривични дела, додека во исто време имаме луѓе против кои воопшто не е покрената кривична пријава.

Понатаму би сакала да го повторам периодот кој е инфатен со законот за амнестија,со оглед на тоа дека Владата со амандман да се брише од 1992 година до 2003 година, така да стои само “до денот на влегување на сила на законот”.

Да потсетам дека токму во овој период е донесен Уставот на Република Македонија каде што во член 28 се вели дека одбраната на земјата е право и должност на секој граѓанин, а остварувањето на ова право и должност на граѓаните се уредува со закон. Ако одбраната на земјата е дефинирана со највисокиот акт на државата и како право и како должност на секој граѓанин во Република Македонија и ако овие лица ја одбегнувале токму таа должност, во некои случаи се оправдани, меѓутоа претпоставувам дека во поголемиот број случаи се неоправдани и ако сакаме овие лица и покрај се да бидат амнестирани неопходно е потребно истите тие лица на соодветен начин сепак да се оддолжат на оваа држава, чии граѓани се и чии права по тој основ како граѓани на Република Македонија ги уживаат.

На државата и институциите на власта и останува простор да размисли како овие лица треба да го направат тоа црпејќи токму во овој дел од тенологијата во вид на дополнителни казни, како што се општествена корист на работа или евентуално преведување во цивилен резервен состав, како и црпејќи искуство од земјите кои веќе имаат искуство со ваквите случаи.

Уште еднаш би сакала да се навратам на статистичките податоци, нема да ги цитирам затоа што колегата кажа како да се злоупотребуваат во однос на националната структура на лицата спрема кои не се поднесени кривични пријави. Сметам дека не треба да се биде голем математичар за да се види големината на одбегнувањето и за двете

кривични дела од страна на албанците државјани на Република Македонија. Нивниот број е загрижувачки двојно поголем од македонците кои ја одбегнале оваа обврска. Затоа е многу симптоматично припадниците кои не се мнозинство во Република Македонија а бараат и остваруваат права како мнозинство и ги добиваат тие права да бидат толку “мнозински” застапени во одбегнувањето на должностите како граѓани на Република Маедонија.

Поради ова сметам дека со овој предлог индиректно се потпикнува одбегнувањето на должностите кои за граѓаните на Република Македонија се утврдени со Уставот, а од друга страна максимално искористување на правата кои се дадени исто така во Уставот. Оваа диспропорција, доколку Предлогот за донесување на законот за амнестија се усвои можеби за жал ќе биде старт на граѓанска непослушност во сите сегменти од општеството затоа што знаејќи дека еден нареден ден ќе се донесе некој друг закон за амнестија во некој друг дел или сегмент од општественото живеење.

На крај би сакала да се вратам на приговорот на совеста. Точно е дека постојат објективни причини за можноста да се искористи овој термин, овој институт право на приговор. Велам објективни причини, но постојат и субјективни причини, а основна причина е сепак треба да се има совест за да можеш да се повикаш на институтот приговор на совест.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Би сакал неколку забелешки да изнесам во контекст на Предлогот за донесување на закон за амнестија.

Носењето на овој закон е политичка одлука на власта во Република Македонија, СДСМ и ДУИ со која дефинитивно сака да се понижат патриотските чувства на граѓаните на Република Македонија од уставната и законска одредба, должност и обврска на секој поединец да ја брани сопствената држава. Овој закон претставува логичен чекор по амнестирањето на изведувачите на воениот конфликт од 2001 година, кој после амнестирањето заедно со помош на своите коалициони партнери, СДСМ ги заседоа највисоките функции во државата, но исто така борците на ОНА заземаа високи места во безбедносните структури на АРМ и МВР.

Ние како ВМРО-ДПМНЕ немаме ништо против за соодветна застапеност на албанците во безбедносните структури, и поддржуваме тие да бидат чесни и лојални граѓани на оваа држава. Меѓутоа, оваа коалиција и власт во Република Македонија се труди на сите можни начини да ги девалвира бранителите на оваа држава. На војниците им донесе командири на ОНА да командуваат со нив, а на полицијата им ги постави како командири на станци. Лавовите ги понижи, реформира и ги нарече криминалци, ги распореди за хигиеничари и курири, готвачи, помошни работници во кујни и тн., а вистинските терористи и убијци покрај тоа што ги амнестираа ги вработија на повисоки места. Со резервниот состав на АРМ и полицијата кој беше секогаш во првите борбени редови оваа Влада се однесува како со крпа за еднократна употреба. Во времето на кризата одзивот на мобилзациските покани и поканите за регрутите за служење во АРМ не беше поголем од 20% во Републиката. Поголемиот број од овие лица, кои со овој закон ќе бидат амнестирани се криеја во соседните држави, или по градовите и селата во нашата држава. Денес, со носењето на овој закон и нив ги ослободуваме од законската одговорност, што е помал грев од амнестирањето на предизвикувачите на воената криза. Која е целта и што ќе се постигне со овој закон?

Сите кои постапувале спротивно на Уставот и Законот за одбрана наместо да бидат санкционирани ќе бидат амнестирани. Но, што ќе се случи ако во наредниот период државата има потреба од ангажирање на резервниот состав на АРМ и полиција. Каков ќе биде одзивот и како ќе се потполнат тие единици, каков ќе биде моралот кај оние кои согласно законските прописи и партиски чувстгва ќе се јават на поканите да ја бранат Република Македонија од секакви можни вооружени закани.

Почитувани пратеници, направете една анкета и запрашајте ги сите кои учествувале и се одповикувале на ваква покана во 2001 година, дали повторно би се пријавиле во резервниот состав и зошто не. Ги повикуваме претставниците на Министерството за одбрана и МВР да соопштат дали во текот на 2003 година се повикувани за обука резервниот состав на АРМ и МВР, кој е одзивот, иако се работи за еднодневни вежби, гаѓање со оружје, кои се најчестите реакции и одговори на резервистите.

Можеби е момент да се спомене и Законот за бранителите и што всушност добија тие бранители со овој закон. Дали некој се вработи, или се вработи член на семејство на загинат бранител. Колку бранители оствариле некакво право од постојниот закон. Сведоци сме на последните случувања дека и тие малку бранители што се вработени, или членови на нивни семејства се на листи за технолошки вишок и се непожелни за оваа

Влада, што недвосмислено го покажа по примерот на ЕСМ, каде што на листата за отупштање од работа меѓу првите се најдоа и вработените по основ на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збвор господинот Недим Мемишевски.

НЕДИМ МЕМИШЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Во кратки црти сакам да го поздравам донесувањето на законот за амнестија, со кој што закон сметам дека со интерес го очекуваат над 12.000 граѓани. Всушност овој закон е израз на добра волја на Владата кој во себе го опфаќа начелото на хуманост и милост. Сметам дека многу на појавата на неодзивање на повикот за служење во Армијата или бегање од вооружените сили предизвикале воените судири кои во последните 10 години го имаат зафатено целокупниот регион. Голем број на граѓани од различни заедници ваквите воени дејствија предизвикаа страв да служат во Армијата. Поради тоа не би требало премногу да се расправаме околу процентите или бројките за тоа која заедница повеќе или помалку ги одбегнувала воените обврски или за прашањето на поголема или помала лојалност на државата бидејќи со овој закон се опфаќаат сите заедници во Република Македонија, или доколку се оди по етничка основа сите заеднци помалку или повеќе ги прекшиле одредбите од Законот за одбрана оклу служењето во Армијата.

Посебно ги поздравувам поднесените амандмани од страна на министерството односно Владата на Република Македонија, во делот на проширување на периодот на опфат на ваквите случаи пред 1992 година, бидејќи против голем број на лица се водат кривични пријави, кои ја немаат регулирано воената обврска, бидејќи ги напуштиле воените редови уште во ЈНА и денес за таквите лица има покренато кривични пријави.

Исто така го поздравувам и амандманот даден од страна на Владата, со кој на лицата меѓу 27 и 30 години им се овозможува во рок од 6 месеци да се пријават во подрачните единици за регулирање на воената обврска, или да бидат преведени во резервен состав. Затоа искажаната хуманост со овој закон треба едногласно сите да ја прифатиме, со што би им помогнале на сите оние кои ја немаат регулирано воената обврска, да го направат тоа и да се вклучат во нормалните текови на општествениот и правниот поредок. Всушност со донесување на овој закон уште повеќе ја зацврстуваме стабилноста на државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Предлогот за донесување на законот за амнестија, со предлог на закон, навистина го сврте вниманието на јавноста во Републиката, од причини што донесувањето на овој закон разрешува еден проблем со кој погомен број на граѓани во изминатите години беа соочени.

Како што е дадено во образложението на предлог законот, може да се констатира дека поголем број граѓани во изминатите години, од различни причини не го регулирале воениот рок или не се отповикале на покани упатени од Министерството за одбрана па против истите органите повеле кривични постапки.

Законот за одбрана прецизно ја предвидува обврската за служење на воениот рок и тоа на возраст од 18-27 години и овозможува, по исклучок, од било кои причини сите оние кои не го отслужиле воениот рок тоа да го сторат на возраст од 27-30 години.

Навистина, со примената на институтот амнестија, државата јасно ја изразува својата добра волја и хуманост, како предуслов за промена на односот на граѓаните кон државата и правниот поредок. Многу граѓани се интересираат за категоријата на оние кои се амнестираат, кои од нив ќе бидат ослободени од обврската за отслужување на воениот рок, а кои не, од причини што во Предлог законот, членот 2 овозможуваше различно толкување. Од тие причини и поднесов амандман на истиот член. Но со предложените амандмани од страна на Владата точно е дефинирана категоријата на воени обврзници кои ќе бидат опфатени со амнестијата.

Со согласувам со предложените амандмани на Владата, бидејќи се амнестираат сите воени обврзници кои наполниле 30 години, бидејќи Законот за одбрана не овозможува служење на воен рок со наполнети 30 години, а против лицата кои се на возраст од 27-30 години, кои ја одбегнале воената обврска од било кои причини, нема да се поведе кривична постапка, но истите ќе мора да ја регулираат воената обврска во рок од 6 месеци, што е во согласност со членот 66 од Законот за одбрана.

Од овие причини јас ќе го поддржам Законот за амнестија и ќе гласам за истиот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Не би сакал да се повторувам со претходните дискутанти за тоа што го кажаа за и против во однос на овој закон, туку малку повеќе би се концентрирал на неколку забелешки, направени од страна на пратениците на најголемата опозициона партија во Парламентот, значи на ВМРО-ДПМНЕ, кои што, за се што се дискутира тука, а се работи за албанците, го прават така за да искажат аннтиалбанизам, мислејќи дека на ваков начин ќе го оправдаат местото што го имаат во Парламентот или пак довербата на гласачите.

Овој закон е за поздравување. Тоа е еден хуман закон и од аспект на оние кои го изготвиле овој закон и искажан правичен став. Како што е познато по конфликтите и војните, обично во секоја земја во светот, се донесуваат вакви закони. На ваков начин, како што беше речено, од овој закон нема да добијат само албанците, само за да смири ВМРО-ДПМНЕ, туку и граѓаните на сите други етникуми или заедници.

Основната причина зошто се донесува овој закон токму во Македонија е што во Македонија и на територијата на бивша Југославија имало војни и воопшто не стои аргументот што беше спомнато од страна на ВМРО-ДПМНЕ дека на ваков начин, доколку ги амнестираме оние кои не ја извршиле оваа обврска, ќе добијат една погрешна порака и нема да си ја извршат својата воена служба, мислејќи дека во иднина ќе се амнестираат. Значи тука се игнорира фактот дека станува збор за еден специфичен период.

Што се однесува до албанците јас сум против тоа сите да се жалиме што се случува, бидејќи сите добро знаеме како биле третирани албанците во бивша Југославија, во војската, кога беа враќани во мртвачки сандаци дома, потоа во Армијата на Македонија кога не смееле да зборуваат на албански јазик итн. Доколку ВМРО-ДПМНЕ која се декларира како толку патриотска партија, тогаш тие треба да се прашуваат зошто етничките македонци толку колку што се, не ја извршиле оваа воена обврска, иако дезертирале некои дури и од лавовите. Тоа е едно прашање со кое треба тие да се занимаваат. Но мислам дека во иднина со промените што се направени во партијата, ќе се промени и политиката на оваа партија. Но, овие надежи биле безнадежни, всушност, или пак некои пратеници од оваа партија не знаат нешто друго да кажат освен да се фатат со патриотизам и антиалбанство. Ваков беше случајот и пред неколку дена, во овој контекст, еден гест што го прави Владата за доброто живеење на граѓаните, за намалување на јавната администрација, од една партија која се нарекува како десна. Значи овој чекор на Владата кој може да се квалификува сега како непопуларен чекор

затоа што треба да се направи отпуштање од работа, од страна на таа партија се напаѓа која себе си се нарекува како десна партија итн.

Јас мислам дека со овие тиради, фолклорно-патриотски тиради треба еднаш засекогаш да се престане. Верувам дека станува збор за една нова состојба и во Армијата која треба се професионализира, која ќе го почитува се она што го бара НАТО. Значи како наша стратешка цел и да се биде уште повеќе професионален, сериозен. Од овој аспект, имајќи предвид тоа дека станува збор за правично претставување на сите заедници, затоа што на таков начин, интегрирајќи се во командните структури и раководните структури, тие ќе се сметаат како составен дел на војската. Во иднина не би смеело да се толерира одбегнувањето на служењето на воениот рок во овие нови околности кои произлегуваат од Охридскиот договор.

Уште еднаш сакам да им се обратам на колегите од ВМРО-ДПМНЕ да не продолжуваат да зборуваат за антиалбанство и да бидат консеквентни, бидејќи на почетокот кога се зборуваше на албански излегувавте од седницата, потоа останувавте а не ги стававте слушалките, некои слушаат некои не слушаат. Треба да знаеме дека сме во Парламентот и заеднички дискутираме или пак имаме еден глув дијалог.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, претходниот дискутант и колку да зборува, Македонија ќе биде секогаш на македонците. Додека постојат македонци, Македонија ќе постои.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господин Рафиз Алити.

РАФИЗ АЛИТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека овој закон треба да се поддржи од многу причини. Причините се многу логични и кореспондираат со времето во кое живееме.

Почитувани колеги, само ако се вратиме назад и направиме анализа во последната деценија, што тоа значеше пред 90-тите години, после 90-тите и наваму, ако се видат случаите кои се случија во бивша Југославија, распаѓањето на оваа држава, што

се случи во минатото, бројот на оние кои немаа можност да одговорат на поканата за да служат во војска, е многу голем. Според информациите што ги имам е над 20 иљјади лица, а секако дека овој број е поголем, и ако се направи една анализа можеме да констатираме зошто овие млади треба да се амнестираат.

За жал, еден голем дел од овие млади, немајќи перспектива овде во земјава и поради социјални причини, биле принудени да мигрираат надвор од земјава, со можност да не се вратат во родниот крај или во семејниот круг, од причина што против нив се поведени обвиненија, во траење од две години. Тие кои одлучуваат да се вратат од државите во кои работат и ги обезбедуваат нивните семејства во земјава, со материјални добра, враќајќи се во родниот крај им подлегнуваат на казните со затвор, што еден добар дел од овие млади ја издржуваат казната и се наоѓаат во затвори, додека поголемиот број од нив им подлегнуваат на злоупотребите што ги прават разни индивидуи кои работат во државните институции и лицата кои се  надвор од институциите, но кои ја играат улогата на посредник и се пазаруваат, овие млади да не им подлегнат на казната за работата што ја вршат земаат процент. За жал, овој процент односно бројки во пари што се принудуваат да ги дадат овие млади не одат во државната каса туку завршуваат во џебовите на поедини лица. Според информациите што ги имаме, за нас кои работиме и живееме во земјава, овие бројки се многу големи и достигнуваат до една сума од 3-8 евра. Затоа сите ние треба да ги поддржиме реформите кои се прават во армијата и реформите кои треба да се направат во наредниот период, во правец на професионализацијата на АРМ.

Јас уште еднаш ќе потенцирам дека е ова потреба на времето во кое живееме и е од интерес на нашето општество и на граѓаните од оваа држава.

Мислам дека ефектот од донесувањето на овој закон ќе рефлектира позитивно во земјава и надвор од земјава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Јас ќе се обидам во многу кус лапидарен сумар да дадам свои видувања или размислувања во врска со некои принципиелни и методолошки аспекти околу Предлогот за донесување на законот за амнестија, во врска со избегнувањето во служба на воениот

рок во Република Македонија или неотповикување на поканата за воена вежба во Армијата на Република Македонија.

Најнапред би сакал да ја истакнам мојата сесрдна поддршка, како пратеник, на напорите што ги прави Министерството за одбрана во изградба на модерен и современ концепт за реорганизација на Армијата на Република Македонија, согласно акциониот план кој мораме да го исполниме потпишан со НАТО, во врска со пристапувањето на Република Македонија во делот на одбраната и безбедноста и реформирањето на Македонската армија и воопшто системот за одбрана во сите негови сегменти. Тука нема никакви дилеми дека на тоа чекорење и сите напори што се прават во тој правец треба да им дадеме поддршка, како законодавен дом.

Затоа и законодавниот дом на Република Македонија во 2001 година сосема случајно, но тогаш беше истиот министер на чело на Министерството за одбрана, со двотретинско мнозинство со поддршка на она што претставува неше чекорење кон НАТО го изгласа Законот за одбрана. Мојата прва принципиелан забелешка е дека тој закон претставува системски приод, се донесе со двотретинско мнозинство и претставува можност и начин на разрешување на сите аспекти, сите проблеми во доменот на одбраната и реорганизација на одбраната, тогаш сигурно требало да направиме антиципација и на овој децениски проблем, кој што носи, би рекол, има последици и од поранешниот систем, но се разбира, најголемата ерозија на моралот во врска со исполнувањето на законските норми во врска со служењето на воената обврска во Армијата на Република Македонија е во период после 1992 година до денешен ден 2003 година. Едноставно, втората принципиелна забелешка е дека не можеме принципот на волонтаризам и адкох решение да бидат модус вивенди во рекирање на законска норма, која што треба само еден сегмент во системот на целокупанта одбрана на Република Македонија, да го разреши. Едноставно, секогаш еден вака значаен аспект, кој што прави баланс помеѓу сувереноста на Република Македонија и човековите права и граѓански слободи, треба да биде содржан во еден целокупен законски проект, кој исцело ќе ја согледа состојбата во Република Македонија на ваков начин нема да предизвика натамошни последници. А, тука со овој закон за амнестија, мојата трета принципиелна забелешка, не се нудат решенија како во иднина ќе се спречи избегнувањето на служењето на воедната обврска на обврзниците, воените обврзници во Армијата на Република Македонија или пак неотповикувањето на одѕивот на поканата за воена вежба. Исто така, кои се казнените мерки, кои што во времето кога имаме еден продукционен однос, каде што капиталот е доминантен, сигурно дека тие казнени мерки треба да бидат едно драстично зголемување на она што треба да биде плаќање или пак ако не е плаќање, тогаш издржување на казни, кои што би имале малку потешки консеквенци, од она што е сега предвидено во Кривичниот закон на Република Македонија. На таков начин, бидејќи одбраната на земјата претставува врв на одбраната на сувереноста на Република Македонија, ќе покажеме сите ние, во смисла на некои дискусии што ги имаа некои дискутанти тука, дека како државјанин на Република Македонија, за мене, сите, не знам колку се сега по пописот 2 милиони и 20 илјади државјани на Република Македонија, независно од која етничка заедница, едноставно, ние кога го донесовме Рамковниот договор, односно кога го вградивме како уставни измени во Уставот на Република

Македонија, кажавме дека сите кои што живеат во Република Македонија а не се припадници на македонскиот народ, претставуваат делови од други народи, кои живеат на територијата на Република Македонија, сите се државјани на Република Македонија, независно на која етничка заедница припаѓаат и сите ги имаат истите права и обврски и тука нема никакви дистинкција во моето објаснување дека ерозијата на моралот се јавува кај државјаните на Република Македонија, независно од која етничка заедница припаѓаат. Тука објаснувањето по мене има само еден квантитативен карактер, да констатираме дека 4.000 македонци или 8.000 албанци или 500 турци, но во секој случај тоа се, уште еднаш да повторам, македонци. Сеуште важи во Европската унија во Европа теоријата на Рибалди и Европа има суверени држави во кои што, во Франција живеат французи, во Италија живеат италијани, во Македонија живеат државјани на Република Македонија, независно на која етничка заедница припаѓаат. Македонци по род, македонци од албанско етничко потекло, македонци од турско етничко потекло и т.н. На таков начин ако гледаме, тогаш има смисла Рамковниот договор, тогаш има смисла имплементацијата на уставните измени, има смисла Законот за одбрана што го донесовме во 2001 година, тогаш има смисла и овој закон за амнестија. Само во таа димензија, зајакнување на свеста на државјаните на Република Македонија, дека со служењето на воениот рок, го штитат суверенитетот на Република Македонија, територијалниот интегритет и на таков начин помагаат да зацврсти уверувањето, да зацврсти вербата на сите граѓани и помлади поколенија дека да се служи воен рок во Армијата на Република Македонија е чест и морална обврска. Наспротив тоа, што овие модерни концепти, кои што ја професионализираат Македонската армија, ќе стават акцент на професионализацијата, ќе ја намалат езвентуалната штетна ерозија и би рекол ваквите појави, кои што штетно влијаат по македонското општество и ја разнишуваат вербата на македонскиот граѓанин дека Македонија е држава во која што може да се креира иднина, не само за нас, туку и за нашите деца и другите поколенија кои што после наследуваат. Едноставно, овој закон за амнестија мислам дека требаше да биде еден дел од измена и дополна на Законот за одбрана во повеќе сегменти, пред се во делот на она што претставува пристапување кон акциониот план на НАТО, иако е донесен во 2001 година, сега сме 2003 година со неколку други измени, пред се, во годините на возраста, мислам дека тој однос 18 - 27 години во еден временски период од животот на еден човек, претставува сепак еден многу долг период во скратување на тој временски интервал на служењето на воените обврзници во Армијата на Република Македонија. Потоа, во односот на она што претставува

казнените одредби, во она што претставува социјализацијата на оние луѓе кои што избегнуваат тоа да го направат. Во еден таков поширок квантум опфатено ова прашање, тогаш овој закон за амнестија би бил, би рекол, исто како Законот за одбрана со двотретинско мнозинство, апсолутно прифатен, можеби и со апсолутно мнозинство во Парламентот на Република Македонија. Вака, методолошки гледано овој закон за амнестија едноставно во овој момент во еден пресек решава една состојба, која што била настаната до 1992 година до денес, меѓутоа, не дава гаранции дека таквите појави ќе се избегнат во иднина или не дава барем перцепција на каков начин тоа што ќе се случува во иднина, ќе биде решавано.

Оттука, неопходно е да се размислува за измена и дополна за одбрана на законот за одбрана, во најскоро можно време во овој дел, како би можел овој закон за амнестија, кој што сигурно ќе биде изгласан, независно од тоа што мојот личен став е, повторно ќе кажам од принципиелни и методолошки аспекти ќе биде против, да биде дополнет и на таков начин. Дури тогаш ќе има оправданост, тогаш ќе има позитивна поука на граѓаните на Република Македонија, кој што би бил на некој начин потврда за она што го говорев, верба дека суверенитетот на Република Македонија и територијалниот интегритет во целост унитарноста ќе биде штитена токму од Армијата на Република Македонија и сите одбранбени структури на чело со владиниот извршен дел, кој што го покрива Министерството за одбрана и со тоа ќе направиме уште еден баланс помеѓу суверенитетот на Република Македонија и човековите права и граѓански слободи.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за амнестија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, од кои 4 пратеници гласалеза, 10 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 54 пратеници гласале за, 12 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот, на член 1 и за менување на член 2. Тие се составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Никола Апостоловски поднесе амандман на член 2, став 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1, член 4, став 1 и на член 6, со кој се согласи претставникот на Владата на Република Македонија и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот на член и на член 2 за менување на став 1 по кој Владата на Република Македонија не се произнела.

Бидејќи амандманите на насловот на Предлогот на законот и на член 1 поднесени од Комисијата за одбрана и безбедност, со иста содржина со амандманите што ги поднесе Владата на Република Македонија, по нив нема да водиме претрес и автоматски стануваат составен дел.

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 1 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Господин Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Господине претседателе, амандманот го повлекувам, бидејќи е содржан во амандманот 3 што е предложен од Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Господин Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и е составен дел на предлогот на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 55 пратеници и 12 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија, кои не ја извршиле воената обврска.

Минуваме на точката Девет - Предлогот за донесување на закон з дополнување на Законот за локална самоуправа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон, извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Дописот на Законодавно правната комисија и Мислењето на Владата, ви се доствени и поделени.

Согласно точка 1 од амандманот ЏВИ на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници,

Денес пред нас е една иницијатива, која би можела да се подведе под еден општ назив, обид да се овозможи поактивно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување. Секако, дека многу често и во овој законодавен дом едни на други се потсетуваме на нашите изборни ветувања, покажувајќи колку успешно и на свој начин знаеме да ги читаме изборните програми на партиите кои седат во овој законодавен дом. И, при тоа, во расправите спротивставуваме разни ставови и тези, повикувајќи се, пред се, на нашите ветувања кои им ги дадовме на избирачите, кои го дадоа нивниот глас за нашите места во овој највисок дом. Но, во едно сум убедена дека нема пратеник кој седи во овој законодавен дом кој не ветил или не се заложил дека во својата работа ќе остварува постојана комуникација со граѓаните, ќе се залага за нивните предлози, сугестии и иницијативи да дојдат пред овој законодавен дом. Меѓутоа, некои од последните анкети, кои ни ги понудија медиумите и кои можевме да ги видиме, да ги прочитаме или да ги слушнеме, говорат дека граѓаните немаат можност да контактираат со пратениците. Можеби се работи за едноставно немање на информации и покрај нивната желба да ја остварат таа комуникација, често пати на пратениците ни префрлаат дека сме недостижни. Иако за волја на вистината, морам да кажам дека извесен број на пратеници веќе работат во таканаречени канцеларии за комуникација со граѓаните во некои во општините во Републиката, но најверојатно тоа не им е познато на нашите граѓани или пак тие не се со седиште во просториите на градоначалникот или советот, па така нашите граѓани не можат да остварат кмуникација со нас.

Една од причините, секако е и спротивставувањето на одреден број на градоначалници да отворат ваков вид на канцеларии за комуникација на граѓаните со пратениците, од бројни причини, пред се, можеби заради тоа што се случува пратеникот и градоначалникот да бидат од различни политички партии, па затоа, понекогаш овие канцеларии се наоѓаат во седиштата на политичките партии, што претставува проблем за самите граѓани да дојдат и да разговараат таму.

Искуствата кои ги имаме од работењето на овие канцеларии во Републиката, говорат дека тие навистина имаат и даваат можност граѓаните да разговараат за своите проблеми, иако голем број од граѓаните ја користат оваа можност, пред се, за некои лични проблеми што ги имаат, но овие канцеларии можат да се слушнат од нив и добри иницијативи, предлози или сугестии како одредени прашања да се решат.

Идејата за донесување на дополнување на овој закон од страна на група пратеници, иако мала по број, но верувам дека голем број од вас истото го мислеле е мотивирана од потребата граѓаните да се среќаваат со пратениците таму каде што им е живеалиштето односно престојувалиштето без дополнителни материјални трошоци да доаѓаат во Скопје и да се среќаваат со граѓаните и без разлика на определбите, односно политичката определба или определбата при гласање на последните парламентарни избори. Многу е значајно секој граѓанин да знае каде и кога може да се обрати, да се сретне со пратеникот од неговата изборна единица, да разговара со него, да праша, да се информира или да покрене иницијатива и слично. Со оваа дополна на законот за локална самоуправа, ние го решаваме проблемот, само проблемот каде. Предлагаме тоа да се решава со дополна во делот од надлежностите на општините, во согласност со своите просторни можности, таму каде што се сместени градоначалникот и Советот на општината и да се обезбедат канцеларии за комуникација, каде што пратениците ќе можат да присуствуваат во одреден период.

Прашањето кога и кој од пратениците ќе ја користи канцеларијата, се прашања кои меѓусебно ќе ги решаваат пратеничките групи или во самите пратенички групи пратениците од изборната единица за која се говори, во зависност од сопствените определби дали сакаат да им ја дадат таа можност на граѓаните и да комуницираат.

Свесни сме како предлагачи дека ова е само прв чекор во насока на приближување на пратениците и граѓаните, но не и единствениот што треба да се направи. Во текот на комисиската расправа по оваа дополна на Законот за локална самоуправа, покрај недвојбената поддршка која беше искажана и од опзицијата и од позицијата, но мошне битно и од ЗЕЛС, се отворија голем број на прашања од остварувањето на политичката функција, пред се, од условите за нејзиното професионално обавување. Тука, пред се да ги споменам елементарните просторни услови кои знаеме какви се, стручните служби, финансиските можности и подолгорочното планирање на активностите на пратеникот.

Иако сите овие прашања и можат или не можат да бидат предмет на решавање на овој закон, добро е што се отворија и во нашето натамошно работење ќе треба да се изнајдат можности за нивно постепено разрешување, а се во функција на што подобро работење на овој законодавен дом, како и јакнење на спрегата меѓу нас и граѓаните. Токму затоа и како еден од предлагачите на оваа дополна на законот за локална самоуправа, предлагам овој закон да оди во две

фази. Бројни се прашања за кои треба да разговараме, а соодветно и аналогно на мислењето кое го добивме и од Владата. Мислам дека тој период ќе можеме да го искористиме за подобро заживување на оваа благородна идеја.

Верувам дека нашата искрена намера, мислам на предлагачите, да се овозможи комуникација со пратениците на сите граѓани во местото на живеење, во просториите на локалната самоуправа од вас почитувани колеги, колешки пратеници, ќе биде подржана, а со тоа ќе испратиме јасна порака до сите граѓани дека овој законодавен дом е отворен за сите сугестии, предлози и иницијативи на граѓаните, за што и однапред ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да продолжиме со расправа, само да расчистиме една дилема. Госпоѓа Мингова, вие сте еден од предлагачите а се изјаснивте дека предлагате во две фази да се гледа. Вие како предлагач нема што да предлагате. Се изјаснивте дека го повлекувате втората фаза, или не?

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, во име на предлагачите ја повлекувате втората фаза. Ако го повлечете вие, нема што да предложите.Тоа така станува. Значи, го повлекувате Предлог законот и го оставате само Предлогот за донесување на закон. Тоа радикално ја менува ситуацијата.

Продолжуваме со расправа по Предлогот за донесување на закон.

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, посебно ми е мило што конечно дојде на ред да проговориме и за нашата работа како пратеници. Во законот за избор на пратениците кој што е донесен на 25 јуни 2002 година во членот 8 став 2, стои дека функцијата пратеник се врши професионално. Меѓутоа, ништо повеќе за тоа на кој начин, кои ресурси му стојат на располагање, значи не постои понатаму ништо. Поминаа скоро 10 месеци од денот кога го конституиравме овој парламент и сите ние пратениците се судираме со огромни проблеми во извршувањето на нашата работа поради оваа недореченост на законот и

непостоењето на никакви услови за професионално вршење на нашата работа. Општо познато е дека во рамките на ова Собрание навистина дури нема ниту стол за секој пратеник, зборувам кнкретно за нашата пратеничка група, а верувам дека состојбата и во другите поголеми пратенички групи не е подобра, а да не зборуваме пак за тоа што немаме ниту просторија во која што можеме да ги примаме граѓаните кои што сакат да се сретнат со нас овде во Собранието, или пак ние како пратеници, непречено да користиме компјутер, телефон, бидејќи скоро за 30 пратеници, зборувам за нашата пратеничка група имаме еден телефон и два компјутери.

Посебен проблем претставува и комуникацијата помеѓу пратениците и граѓаните во изборната единица. Многу тешко се остварува улогата на пратеникот како посредник помеѓу реалните потреби на граѓаните и законодавниот дом, затоа што самиот пратеник е оставено да се снаоѓа како знае и умее за тоа каде да се среќава со граѓаните за да ги сослуша нивните мислења и да ги пренесе нивните проблеми и размисли во Собранието и во сопствената партија. Значи, пратениците немаат сопствена канцеларија во изборната единица, ниту пак минимум инвентар и технички средства за извршување на својата работа, да не зборуваме за тоа дека немаме ниту советници, ниту секретар, и згора на тоа пратениците од внатрешноста на земјата покрај работното време во Собранието речиси секојдневно се принудени да потрошат уште речиси едно цело работно време како возачи за да можат да дојдат од местото на живеење до Собранието и да се вратат истиот ден назад. Затоа, го поздравувам навистина покренувањето на ова прашање кое според мене заслужува поопстојна анализа и утврдување на една законска рамка која ќе дава можност навистина професионално пратениците да си ја извршуваат својата фунција.

Сега ќе се задржам на предложените измени во Законот за локална самоуправа кои се однесуваат на тоа дека треба да се отворат канцеларии за непосредни средби на граѓаните со пратениците. И сметам дека со она што е наведено како измена, дека само се подотвора вратата кон проблемот, меѓутоа, и не се решава. Ќе зборувам од сопствено искуство за периодот кој што е поминат досега. Доста размислував за тоа како да се среќаваме ние пратениците со граѓаните и тргнувајќи од фактот дека на секој граѓанин нема да му биде многу мило да дојде во седиштето на партијата, или ќе му биде непријатно да влегува, бидејќи сите граѓани кои што контактираат со нас не се исклучиво од нашата партија. Сметав дека нема секој да сака да влегува во партиските простории на нашата партија и токму заради тоа одлучив тоа да биде во други простории кои што ги добив пред

шест месеци и таму отворив канцеларија. Меѓутоа, ќе напомнам благодарение на разбирањето и добрата волја на вработените во институцијата од каде што доаѓам со можност да ја користам секој понеделник од 10 до 15 часот за средба со граѓани. Моето искуство од овој период зборува дека не е доволно ни тоа само да се има канцеларија како што сега се предлага со оваа измена и дополнување, туку дека се потребни многу повеќе нешта за успешно извршување на функцијата пратеник. Би кажала дека се потребни минимум канцелариска и техничка опрема и потрошен материјал кој ќе овозможи непречено да се работи и најважно од се минимум еден човек во канцеларијата кој што ќе може да ги прима граѓаните тогаш кога ние мораме да бидеме во Собранието, а имаме на пример закажано приемен ден. Затоа што многу е лошо кога пратеникот има приемен ден, а канцеларијата е затворена и нема кој да ги прими луѓето, да ги сослуша нивните проблеми и мислења, или пак барем некој да им земе податоци за дополнително да контактираме со нив. Граѓаните не можат да ги разберат навистина проблемите што ги имаме ние како пратеници, дека навистина не можеме секогаш да бидеме слободни во термините кои што ги закажуваме, се случува службено да сме отсутни и од државата некогаш повторно да пропаднат термините закажани со граѓаните. Затоа, за да функционира канцеларијата неопходно е минимум уште едно лице кое ќе помага во работата на пратеникот и неопходната помош од технички средства и канцелариска опрема. Затоа, сметам како што кажав пред малку и госпоѓа Клепиева, веќе е увидено тоа. Тоа ме радува бидејќи е увидено од сите пратеници, бидејќи сите ги делиме истите маќи, дека би било многу поцелисходно овој закон да се разгледа во две фази со цел да се допрезицираат и да се доразработат прашањата кои што ќе обезбедат услови за вистинско професионално обавување на нашата функција како пратеници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на самиот почеток, т.е. на самиот старт од моето излагање по оваа точка од дневниот ред сакам да кажам дека ќе имам позитивен пристап, односно позитивно ќе гласам за донесувањето на овој предлог закон и за дополнување на Законто за локална самоуправа, затоа што конечно овој закон со неговата концептуална поставеност така како што е поставен едноставно обезбедува просторни услови, просторни можности и едноставно ги принудува единиците на локалната самоуправа да обезбедат отворање и функционирање на канцеларија за непосредни средби на

граѓаните од општините со пратениците во Собранието на Република Македонија а кои се избрани во таа изборна единица кон која припаѓа единицата на локалната самоуправа. Како што реков на самиот почеток од излагањето позитивно ја оценуваме идејата и иницијативата на предлагачот. Но, сепак, сметам дека заради определени дилеми кои се наметнуваат овде, а кои подолу и ќе ги нагласам како и заради дотерувањето на овој закон заради негово конечно допрецизирање треба да оди во две фази. Зошто овој закон треба да оди во две фази? Значи, тоа е прашање број 1. Како прво, заради тоа што законскиот текст од цитираниот закон предвидува т.е. определува обврска, фактички обврски за единиците на локалната самоуправа т.е. општините да обезбедат услови за отворање и функционирање на канцеларија за непосредна средба т.е. контакти на граѓаните со пратениците во Собранието без притоа поблиску да ги определи и другите услови за нормално функционирање на таа канцеларија. Значи, основно прашање кое овде се наметнува е каде ќе бидат пред се сместени просториите, односно во кои пратнеиците едноставно ќе комуницираат со граѓаните, односно дали ќе бидат сместени во просторот во кој се сместени единиците на локална самоуправа, или пак некаде надвор од тој простор. Ова всушност може да биде едноставно и голем проблем, барем така ние размислуваме затоа што градоначалникот, или градскиот совет можат да донесат одлука за обезбедување на канцелариски простор за пратениците кој може да биде да речам несоодветен. Во зависност од тоа дали на пример пратеникот е од иста политичка опција, или провиненција со градоначалникот, или не. Понатаму, се наметнува како проблем и прашањето за обезбедувањето на технички услови за работа на таа канцеларија т.е. обезбедувањето на пример на телефони, телефакси, прашањето кој ќе ги подмирува, или плаќа трошоците, дали ќе има платен секретар кој ќе биде на припомош на пратеникот и други прашања. Голема непознаница е каде и во која општина ќе бидат отворнеи канцелариите со оглед на тоа што нема избрани пратеници од сите општини, или пак тоа ќе биде обврска за сите единици на локална самоуправа. Значи, исто така, тоа е едно големо прашање. Имено, со измените во Законот за изборите и законот за изборни единици од предвидените 120 изборни единици, сега имаме 4 изборни единици. Така што возможно е една изборна единица опфаќа повеќе општини и затоа дилемата, дали во секоја општина ќе се отвораат канцеларии, или само во местото на живеењето на пратеникот, а кој ќе треба да покрива и една поголема територија, т.е. повеќе општини. Исто така, на пример возможна е една ситуација, една партија да има само еден пратеник во определена изборна единица, така што еден пратеник ќе треба да покрива на

пример 10, или 12 општини. И прашањето дали во таква ситуација секоја општина од тие 10 или 12 ќе мора да обезбедат просторни услови за комуницирање со граѓаните. Значи, сето ова што го наведов погоре се проблеми и прашања на кои што предлагачот во овој момент нема дадено одговор т.е. немаат понудено решение. Затоа предлагам овој Предлог закон да оди во две фази каде што во втората фаза едноставно ќе бидат дефинирани и разрешени сите овие прашања и дилеми. Има едно мнение и тоа секако дека е точно, дека ние сме пратеници во Собранието на Република Македонија и затоа сите граѓани на територијата на Република Македонија, меѓутоа, останува фактот дека и ние имаме огромни потешкотии околу комуницирање со граѓаните на РМ, така што обезбедувањето на канцелариите за комуникации едноставно е неминовност иако мораме да кажеме дека тешко наоѓаме флексибилност кај локалните власти кои се спремни да обезбедат вакви услови за работа.

И на крајот, сакам само да спомнам дека идејата на предлагачот со Законот да се задолжат единиците на локална самоправа да обезбедат просторни услови за патениците е одлична и ќе ја поддржиме. Затоа да не помислиме едноставно дека се работи само за една популистичка идеја. Сметаме дека предлагачите треба да прифатат предметниот закон да оди во две фази како би бил практичен и би бил применлив во пракса.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да кажам некои свои размислувања во врска со овој закон т.е. предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа. На почетокот би сакал да кажам дека иницијативата е добра. Ние како пратеничка група ќе ја поддржиме, таа е со цел да се овозможи поблиска комуникција меѓу граѓаните, нашите избирачи и пратениците во Парламентот на РМ. Но, овој закон мислам дека е правен набрзина, има многу недоречености, не е сеопфатен. Тоа го кажавме и на комисиите, еве и сега тоа го потенцираме. Мислам дека и предлагачот се согласи со тоа и добро е што се согласи да биде во две фази, значи ова денеска да биде само прва фаза и ние тоа го прифаќаме и сугериравме. Сметаме дека со ова ќе се овозможи она што е дискутирано и сугерирано на комисиите да биде преточено во Предлогот на законот кој што ќе следи во следната фаза. Исто така, и од дискусиите и говорите кои што ќе бидат овде на оваа пленарна седница, нормално ќе се разгледа и мислењето на Владата на РМ, во смисла на тоа дали треба да биде во

овој закон, или во некој друг закон, бидејќи Владата на РМ, предлага да не биде во законот за локална самоуправа. Меѓутоа, за нас пратениците е значајно да се изнајде начин, да се изнајдат услови со кои што ќе можеме да комуницираме со нашите избирачи. Особено е значајно за нас како опозиција, бидејќи сметаме дека на тој начин ќе можеме со граѓаните да имаме малку понепосреден контакт.

Јас би сакал да кажам некои дилеми кои што ќе влијаат на донесувањето на овој закон на конечната верзија во следниот смисол. Значи, како една дилема е изборните системи. Ние знаеме дека со Законот за избор на пратеници кој го променивме во 2002 година пред парламентарните избори од комбиниран изборен модел при што имаше мнозински се бираа 85 пратеници и 35 пропорционално, се премина во чисто пропорционален систем. Јас и во претходниот парламент бев пратеник во Собранието на РМ, меѓутоа избран по мнозинскиот систем и тој систем сметам дека на пратениците им овозможуваше, всушност им ставаше дополнителна обврска, бидејќи тие лично ја водеа кампањата, и лично разговараа и им ветуваа на граѓаните, имаа и поголема обврска за да бидат по присутни во средините од каде што беа избирани и бидејќи нивните средини беа точно дефинирани со изборните единици и најчесто и со место на живеење во таа изборна единица. Додека сега со овој пропорционален систем се избираат изборни единици од повеќе општини и најчесто се избира партија т.е. носител на листата не гледајќи подолу во останатите кандидати што мислам не е секаде случај, меѓутоа во секој случај се фаворизира повеќе партијата, а не пратеникот поединец. Условите во кои што треба да работат сигурно дека треба да бидат подобрени бидејќи кажаа и претходните дискутанти, ние го немаме ни најелементарното, јас би рекол дека немаме ниту фиока како дел од биро, а да не зборуваме да имаме свое биро во парламентот, или на друго место, телефон, компјутер, да не говориме за канцеларија, а како највисок дострел би требало во РМ да ни се овозможи како пратеници да имаме свои соработници, или асистенти кои што ќе можат да вршат работи кои што се значајни за пратениците во смисол на комуникација со избирачите и комуникација со органите на државата, со Владата, со Министерството, со Јавните претпријатија се со цел за да можат да бидат решени одредени прашања кои што се од битно значење за граѓаните од таа изборна единица. Јас би сакал да напоменам дека оваа иницијатива е позитивна и покрај оваа иницијатива постои иницијатива од ЕНДИАЈ која прави напори на сите пратенички групи да им обезбеди канцеларии со што ќе плати по еден асистент во период од седум месеци во РМ. Мислам дека нивната иницијатива е за нас да не заинтригира за да можеме ние трајно да го решиме како држава овој проблем со

обезбедување на просор и асистенти за пратениците во РМ. Исто така, би сакал да кажам дека во законот треба да се одреди во конечниот предлог и организацијата на работата во тие канцеларии каква ќе биде, распоредот на времето кој ќе го дава, дали ќе има човек кој што ќе биде задолжен во таа канцеларија. Таа канцеларија најверојатно ќе биде за сите пратеници од таа општина. А ние знаеме дека во една изборна единица од шесте изборни единици во РМ секогаш има повеќе од една општина, некаде 5, некаде 6, некаде многу повеќе. И сега се прашуваме дали во секоја општина треба да има канцеларија, или треба да има во некои од регионалните центри во тие изборни единици, бидејќи секоја изборна единица има по 20 пратеници и би требало сите од тие пратениците да одат во секоја од овие општини и да имаат контакти со граѓаните. Најверојатно не може комплетно така да се реши. Ќе се најде некој компромис во зависност од интересот на секој пратеник колку сака и колку му дозволува времето да комуницира со граѓаните и нормално исто така многу ќе зависи од локалната самоуправа. Бидејќи свесни сме сега дека во сегашниот состав а и понатаму ќе биде така градоначалниците припаѓаат на различните политички партии и сега во голем број на случаи, или во одреден број на случаи има недоразбирања во смисол ако градоначалникот е од една партија, а пратеникот е од друга партија не зборувам јас не зависно дали е позиција, или опозиција, значи има случаи каде што се оневозможува пратеникот да добие канцеларија каде што ќе може да ги прима граѓаните т.е. избирачите од таа општина. Исто така, би сакал да напоменам дека покрај со овие канцеларии многу е значајно на пратениците да им се овозможи да имаат контакти со месните заедници како пониско ниво во оргнизацијата на општините. Значи, предлагачот да размисли како би можело тоа да биде дефинирано,опфатено,регулирано со овој закон, бидејќи најзначајните средби сепак се во месните заедници онаму каде што проблемите се најдиректни. Инаку, вака во канцелариите најчесто ќе имаме поединечни случаи на граѓани кои што ќе ги изнесуваат и своите лични проблеми и проблемите од местото и населбите каде што живеат и потекнуваат, меѓутоа со овозможување на контакти постојани и законски одредени со месните заедници, мислам дека врската и ова што сака да се предложи со овој закон значи за непосредна комуникација на пратениците и избирачите ќе биде многу поцелисходна и мислам дека ќе биде многу поефикасна, бидејќи особено е значајно за руралните средини каде што сите знаеме дека во РМ во голем број на овие приградски, селски и рурални средини не се решени огромен број на комуналните и инфраструктурните проблеми.

Исто така значајно е дали пратеникот кој се наоѓа во една општина ќе отвори канцеларија и ќе комуницира со граѓаните од таа општина, а со останатите граѓани од останатите општини од неговата изборна едница ќе комуницира во Парламентот на Република Македонија, каде сметам дека сега нема простор, можеби ќе се изнајде или ќе треба да се движи во останатите општини, бидејќи тие го избираат тој пратеник, а тие сигурно не се една и гледајќи го времето во кое работи Парламентот вака интензивно, се сомневам дека ќе може вака сто процентно да се оствари.

Поради сите овие дилеми и поради тоа што овој закон, еве и предлагачот кажа дека ќе оди во две фази, ова ќе биде прва фаза, ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржиме овој закон и се надеваме дека сите овие сугестии ќе бидат вградени во Предлогот на закон кој ќе следи во втората фаза.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитувана потпретседателке на Собранието, почитувани пратеници,

Јас не би сакала да се повторувам со претходните дискутанти, само како еден од предлагачите би сакала да ги изнесам мотивите заради кои го дадовме овој закон.

Она што со сигурност може да се каже дека е заеднички содржател за ставот на граѓаните кон пратениците од секој од досегашните парламентарни состави е недоволната достапност на пратениците и нивното слабо присуство во базата од која потекнуваат.

Обично коментарите кои се слушаат дека пратениците се присутни за време на изборната кампања, а потоа откако ќе бидат избрани заборавaат на своите гласачи и на граѓаните кои ги претставуваат во законодавниот дом.

Се разбира, предизборните активности, бидејќи се во пократок период се поинтензивни и впечатокот што се добива кај граѓаните нормално дека во тој период се повеќе присутни отколку во постизборниот период. Меѓутоа, впечатокот за присутноста на пратениците поголема или помала во текот на нивниот мандат се базира и на неколку други индикатори. Но, покрај субјективните морам да кажам

дека постојат и објективни причини од една страна поради големиот ангажман што го бара пратеничката функција, но од друга страна една од причините е сигурно и просторниот недостаток односно немањето просторна можност пратениците да остваруваат контакт со граѓаните. Зборувам за редовен контакт, не зборувам за трибини, не зборувам за средби со граѓани, туку редовен и континуиран контакт со граѓаните.

Досегашните обиди тоа да биде во рамките на партиските организации се покажа како непрактичен токму заради тоа што граѓаните мислам на сите граѓани не се партиски определени, некои припаѓаат на други политички партии и за нив е неприфатливо да влезат во партиска просторија на политичка партија која е спротивна од нивната партиска определба.

Исто така треба да го имаме во предвид фактот дека пратениците се претставници на сите граѓани на оваа држава без разлика на политичката партија од која произлегуваат. Токму тоа не наведе да предложиме вакви измени на Законот за локална самоуправа, затоа што на ваков начин и локалната и законодавната власт ќе бидат блиски и достапни до граѓаните и на тој начин граѓаните ќе можат директно да влијаат со свои ставови и мислења за одредени законски решенија, да покренуваат иницијативи за решавање на одредени проблеми кои не се опфатени со законската регулатива или да имаат предлози како да се подобри постоечката законска регулатива.

Сакам да нагласам дека дури пратениците од овој парламентарен состав и да немаат професионален статус, што е за прв пат во Македонија, нивна обврска сепак ќе беше редовен контакт со граѓаните.

Многу ми е драго што генералната идеја има позитивен одзив кај речиси сите пратеници и морам да кажам дека една од целите која сакавме да ја постигнеме со овие предлог измени на Законот е да почне да се разговара за начинот на кој може да се реши овој проблем.

Убедена сум и од претходните дискусии на комисиите и денеска на седницата дека разгледувањето во две фази ќе донесат конструктивни предлози за комплетно и квалитетно постигнување на целта, а тоа е пратениците да имаат реална можност за остварување на чести контакти со граѓаните.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Овој закон ги отвора проблемите односно дилемите во врска со комуникацијата на пратениците со граѓаните односно со отворање на канцеларии во општините каде пратениците би можеле да комуницираат со граѓаните, односно каде некои пратеници комуницираат и праксата покажува дека навистина во некои општини тоа е возможно и постои соработка помеѓу пратениците и локалната власт, но во некои не и мислам дека со донесувањето на овој закон како едно преодно решение би се надминале одредени проблеми во оние општини каде што има.

Инаку би кажал дека во нашата општина Кисела Вода пратениците немаат проблеми, веќе отвориле канцеларија и можат да комуницираат, но како што кажаа претходните дискутанти би било потребно, некои кажаа во месните заедници, но технички би било неизводливо, би можело со некои повремени собири. Најдобар начин и најдобро место за комуникација на пратениците со граѓаните е токму во просториите на општинските совети каде во одреден ден тие би можеле да комуницираат со граѓаните и фактички да го пренесуваат ставот на базата овде во Парламентот и покрај тоа што сега имаме поинаков систем не е мнозински систем, туку пропорционален систем каде пратеникот ја застапува изборната единица, но е должен да работи за целата држава.

Но, во секој случај самата пракса покажува дека покрај сите обврски пратениците треба да комуницираат онаму од каде потекнуваат односно од онаа општина каде се наоѓаат тие.

Овој закон, како што беше кажано, отвора и други проблеми и дилеми во врска со функционирањето и работењето на пратениците, бидејќи со новиот закон за избор на пратеници, пратениците се професионалци и согласно тоа се поставуваат проблеми за нивните услови за работа овде во самото Собрание во поглед на канцеларија и во поглед на другите технички средства, како што е случајот во другите земји со развиена парламентарна демократија во некои земји во транзиција. Ние сме свесни дека тие проблеми не можат од еднаш да се решат и не можеме да се мериме со тие многу побогати земји, економската состојба е таква, но во наредниот период треба да се поработи на овој случај.

Оваа расправа уште еднаш покажува дека е потребен закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, каде делумно се регулираат правата и обврските на пратениците, па е неопходно донесување и на Законот за пратеници каде ќе бидат утврдени обврските, правата и одговорностите на

пратеникот како да ја обавува пратеничката функција професионално и таков закон навистина ни недостасува.

Што се однесува до предлагањето од страна на предлагачите да се оди во две фази и јас како и другите го поддржувам тоа, бидејќ во меѓувреме по утврдувањето на потребата односно по донесувањето на Предлогот за донесување на законот ќе имаме можност да расправаме во овој меѓупростор за одредени дилеми и мислам дека е добро решение.

На крајот би истакнал дека Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ги поканивме претставниците на ЗЕЛС, и таму бевме информирани дека ЗЕЛС односно претставници на општините го разгледуваа овој проблем и го поддржаа овој начин на комуникација со граѓаните и самите носители на локалната власт се волни да помогнат во создавање на услови во општините за комуникација со граѓаните и мислам дека е добро од една страна и од друга страна на Комисијата беше назначено дека општините по извршување на целосна децентрализација по 1 јануари 2005 година би можеле и оние други, освен просторни услови за кои се зборуваше да не повторувам, да ги обезбедат, и оттаму мислам дека треба сериозно да се поработи на ова прашање на овој заон, бидејќи навистина праксата покажува дека евентуалните средби на граѓани во просториите на политички партии навистина се несоодветни и неадекватни за такво комуницирање, а праксата во многу европски земји покажа дека постои овој начин на комуникација на пратениците со граѓаните без оглед дали се избрани на пропорционална или мнозинска листа.

Мислам дека ова е само првична расправа за овие проблеми, понатаму ќе имаме простор и време да расправаме и да работиме на овој проблем.

На крајот би кажал само дека ние како пратеничка група на ЛДП ќе ја поддржиме првата фаза односно Предлогот за донесување на овој закон и се надеваме дека до втората фаза ќе се расчистат овие дилеми и ќе можеме да го усвоиме овој закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Хусеин Хусеинџевад.

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАД:

Ве поздравувам сите и нашата парламентарна група е на мислење дека имаме потреба од овој закон затоа што е многу видливо дека условите за работа на еден пратеник недостасуваат и еден закон кој ја регулира оваа област е многу потребен.

Парламентарната грпа на ДУИ е за овој закон затоа што контактите со граѓаните се потребни пратениците да бидат поинформирани изворно што се случува на терен и да бидат на помош на граѓаните.

На овој начин покажуваме дека сувереноста е нивна и потекнува од нив и мандатот што сме го добиле треба да го оправдаме. За жал,условите ни недостасуваат не само на терен, туку и овде во Парламентот. Мое лично мислење е дека можеби законот ако помине во една фаза ќе беше подобро, затоа што искуствата што ќе ги имавме на терен ќе ни овозможеа со предлог закон и дополнување ќе имаа повисок квалитет. Овде се разликувам од другите пратеници дека е подобро да оди во две фази. Верувам дека искуството што ќе го добиеме со дополнување на законот ќе го збогатеа овој закон и ќе беше многу пофункционален. Ова е лично мое мислење. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, почиувани колешки и колеги пратеници,

Како еден од предлагачите да дадам коментар, не сакав да се повторувам, така ќе прерипам поголем дел од дискусијата. Секој досегашен состав на Парламентот се гордее со некои работи што ги направил, некој тоа го напишал во мемоари, некој го раскажува на други луѓе, нашиот состав, покрај тоа што во изминатиот период работи многу поефикасно и поорганизирано од претходните, очигледно е подготвен да биде и подостапен со граѓаните, а сите дискусии денеска тоа го покажаа. Тоа ме радува и без разлика што доаѓаме од пропорционална листа каде можеме да се задскриваме зад лидерите на партиите или носителите на листата, сметам дека овој пратенички состав ја имаа таа критична маса или е кадарен тоа да го направи, да се отвори за поголема комуникација со граѓаните.

Нам на предлагачите најприродно ни изгледаше местото каде што треба да доаѓаат граѓаните е локалната самоуправа, бидејќи избраните пратеници се претставници на сите граѓани без разлика на која политичка партија припаѓаат и она што го зборуваше госпоѓа Бонева не би било умесно тоа да биде во партиските простории, бидејќи сме граѓани претставени од претставници на сите, без разлика на политичката партија.

Покрај тоа, пратениците доколку отворат канцеларии од некои простории што би биле понудени од некои бизнисмени можеби тие ќе станат заложници на истите и нема повторно да ја остваруваат онаа функција што ја имаат.

Затоа ние предложивме тоа да биде во локаланта самоправа за која поддршка, како што рече господинот Шапуриќ даде и претседателот на ЗЕЛС господинот Горан Ангелов.

За жал Владата не го дели нашето мислење, вчера ја пофалив Владата за разбирањата за амандманите што ги прифати во однос на статусот на помладите асистенти, за жал во своето мислење Владата не најде за сходно да посвети барем една реченица и да ја окуражи оваа идеја да каже дека идејата е добра, но заради 20-тината надлежности што ги има локалната самоуправа ова не е дел од тоа и не може да биде остварено.

Очекувам барем да се поддржи идејата и да се понуди еден заеднички простор со кој би се решило ова дали во Законот за финансирање на општините, дали во Законот за пратеници или да се тргне во еден процес каде би ја предвиделе целата организација и целиот проект во рамките на Буџетот на Парламентот.

Како предлагач да се заблагодарам за поддршката што очигледно ја имаме од сите пратеници, сите политички партии, од ЗЕЛС, а се надевам дека во овој период ќе најдеме заедничко разбирање и договор со Владата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор побара господинот Коце Трајановски, за реплика.

Повелете, имате три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Очигледно, координаторот на СДС во секој свој настап сака да ја вжешти состојбата во Парламентот. Очевидно кажавме во сите дискусии дека ќе го подржиме овој предлог, меѓутоа кажа дека за разлика од претходниот Парламент, од претходниот состав, сегашната позиција сака да биде многу подостапна кај граѓаните на Република Македонија. Испаѓа дека ние не сме сакале да бидеме достапни.

Господинот Макрадули во претходниот состав беше избран 2001 година, значи на половина од мандат, незнам зошто не го ставија 1998 година, можеби ќе беа поефикасни. Само да го потсетам дека е избран во градско подрачје каде што се решени сите инфраструктурни и комунални проблеми, додека јас бев во еднoприградско подрачје каде има 33 села каде што пвоеќе од 60-70% нивни проблеми не беа решени и моравме нон стоп да бидеме на терен за да можеме дел

од тие проблеми да решаваме. Добро е што сега се предлага ваква канцеларија, па независно што е од позицијата сестрано ја подржуваме, само незнам како ќе им објаснат во канцеларијат ана граѓаните на Република Макеоднија 10-20 илјади што сега ги бркаат од работа, со кое образложение ќе пристапат на нивните средби и како ќе им образложат за сето она што мислат, а сметам дека тешко ќе ги решат инфраструктурните проблемив о Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Макрадули повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Трајановски и сами знаете, понекогаш не го бирате местото каде ќе живеете. Ќе се преселат вашите родители, ќе живеете таму. Подоцна можете да го промените ако сакате.

Навистина не гледам со која дискусија и со кој дел се обидов да ја вжештам атмосферата. Реков во однос на сите претходни и досегашни состави. Значи, не мислев само на вашиот. Вие, ако си ја имате мувата на капата, тоа е ваш проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Госпоѓо потпретседателке колеги и колешки пратеници,

Би сакала да кажам два-три збор аза оваа прекрасна идеја што денеска ја разгледуваме.

Според мене, созреани беа условите и ваквиот предлог некако самиот ќе се наметнеше. Но, еве предлагачите го сторија тоа брзо. Ја поздравувам идејата и секако ќе ја подржам, меѓутоа би кажала два-три збора.

Постои клима за отворање вакви канцеларии, некаде е тоа успено, некаде не, зависно од можностите што ги има локалната самоуправа. Некаде се нашлор азбирање и се отвориле канцеларии, некаде не. Меѓутоа, ценам дека со еден ваков предлог, со изменување на Законто за локална самоуправа ќе гор ешме рпашањето каде пратениците ќе се среќаваат со својата база, односносо граѓаните кои го дале гласот и ги избрале за свои претставници во законодавниот дом.

Би напомнала дека кај граѓанството, ова го зборувам за ОпШтина Охрид, постои желба за средба на граѓаните со нивнит еизбраници, а дека е тоа така е потврда една прекрасна иницијатива што во Охрид се случи пред три месеци. Имено, Советот на месните заедници почна да организира средби, бидејкија увиде неможноста пошироко да се среќаваме со граѓаните поради субјективни и објективни пред се причини, почна д аорганизира ваквисредби што континуирано еднаш во месецот се случуваат во просториит ена Општина Охрид. Доаѓаат сите заинтересираниг раѓани и претставници од сит емесни заедници од Охрид, тоа е средба со пратеницит еод Општина Охрид.

По мене, ова беше една прединицијатива за ова што денеска се случува. кај граѓаните постои навистина голем интерес да се сретнат, да ги кажат своите проблеми да посочат определенивидувања за законските решенија што треба да дојдат во Парламентот. Одзивот е навистина голем. Таа иницијатива сеуште тече и имблагодарам на луѓето кои се залагаат да ја реализираат таа иницијатива. Се надевам дека наскоро ова ќе го преточиме во законска регулатива и ќе овозможиме пред се за нас пратениците просторни услови каде тоа да го правиме.  А, како тоа ќе го направиме допрва ќе следи, со оглед на можностите, со оглед на реалноста. Меѓутоа д апочнеме од просториите па понатаму ќе одиме чекор по чекор.

Ја поздравувам оваа идеја ќе го подржам предлогот и да не должам повеќе, во името на Либералната партија ќе го подржиме овој предлог.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Веќе подолго време дискутираме за измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа, закон поднесен од пратениците Славица грковска, Јани Макрадули и Благородна Мингова Крепиева. Од сите дискусии можеме да констатираме дека во глобала сите пратеници стојат зад оваа идеја и во основа нема некоја дилема дали треба или не треба да се подржи овој закон. Со самиот факт што законот се носи со двотретинско мнозинство, оваа подршка барем според дискусиите, дава надеж дека овој закон можеби ќе биде изгласан.

Меѓутоа , мене лично ме зачудува ставот на Владата што е негативен во смисла, во своето мислење Владата дава предлог да не биде прифатен овој закон.

не навлегувам во образложенијата зошто е тоа така. Можеби клучното зошто Владата не сака да се усвои овој закон е можеби затоа што сепак води сметка и за сопствените пратеници,оние пратеници кои го чинат мнозинството и кој ја подржуваат Владата. , ако е тоа така, тоа е потполно исправно. Затоа што во оваа ситуација, во овие состојби што после променат ана власта во Република Македонија дојдоа после еден период од 8 месеци, навистина и самите колеги пратеници особно од позицијата треба да се замислат како ќе ги изведуваат оние контакти со граѓаните во тие канцеларии. Затоа што револтите се се поголеми, незадоволството е се поголемо и очигледно е дека ќе иам многу, многу граѓани кои ќе сакаат да се видат, особено пред се со оние пратеници кои ја подржуваат Владата.

Можеби треба да се размислува и во насока да се додаде еден нов член, нека биде член 2, а членот 2 да биде член 3, каде што покрај обезбедување на канцеларии каде што ќе се овозможи комуникација со граѓаните, не е лошо да се размисли да се најде едно обезбедување што ќе биде платено од локалната самоуправ аит.н. затоа што неопходно ќе биде потребно.

Убеден сум, следејки ги секојдневните активности,с ледејки ги најавите на граѓаните кои не само што тешко можат да дојдат до пратеницит ена позивијата или претставницит ена Владата, во еден таков набој на сето она што секојдневно се случува, не е лоша мерка и не е лоша идеја да се обезбеди едно обезбедување. Сепак, еден филтер за да не може некој да го изрази револтот на начин како што имавме можност да видиме и последните денови. Не мора тоа да биде полиција, некое посебно обезбедвување и т.н. и т.н.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Караџоски се извинувам, меѓутоа заканата не треба да бид е дел од наите дискусии. Јас ве молам тој призвук во дискусијата..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не велам за никаква закана , меѓутоа ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа е дирекна закана. Ве молам да бидете коректни во изнесувањето .

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа е можност што може да се случи. Не  е тоа ништо закана.

Значи, е сега ме деконцентриравте потпретседателке и ќе прекинам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Буџаку се јавува за реплика.

АГРОН БУЏАКУ

Мислам дека е добро да се поздрави иницијативата. Иницијативата произлегува од пратениците на коалицијата и на партијата во мнозинство. Овде не станвуа збор, како што рече претходниот говорник на едне начин за залана. Заканата има два елементи. првиот елемент, овој закон ако толку се поздравува од опозицијата, зошто не го донесоа кога тие беа во мнозинство? Значи, на едне начин не обвинуваат нас дека немаме смелост да се соочиме со гласачите. Тие значи немале смелост и овој закон нема да важи само за овојмандат туку законот ќе важи и за наредниот мандат.

Доколку тие мислат дека оваа коалиција ќе продолжи, ако самите на себеси намениле позиција секогаш да бидат во опозиција и во наредниот мандат, тоа е друг проблем. Што значи дека овие закани можат да важат и во иднина, доколку тие ги постават на таков начин. Овој вид на дискусија прави една непотребна закана, а како второ, тие се сложни и во наредниот мандат да бидат во опозиција.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Господинот Караџоски има контра реплиа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас повторувам дека не кажав никаква закана и воопшто не се заканив. Само кажав дека граѓаните, онака каква ни е состојбата во Република Македонија, за што сме сите сведоци, дек апостои незадоволство и тоа незадоволство може секогаш да биде толкаво за да може да се случи, да не стори Господ, да дојде до некои несакани последици. Јас заради тоа предложив како нов член да се земе во предвид некаков вид на обезбедување. Тоа не е никаква закана.

Инаку, господине Буџаку, нмаме намера да бидеме вечно опозиција. Во тоа ве убедувам. Јас мислам обратно дека за брзо време ќе бидеме позиција и то анајмногу поради ДУИ, можеби, имајќи предвид каков е рејтингот на вашата аптрија, за брзо

време, благодарејки можеби на вас како партија, не е ниту далеку времето ког аВМРО-ДПМНЕ ше дојде на власт заедносонекоај друг аколаициона партија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го сувоиследнито заклучок:

1.Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за локална самоуправа.

2.Предлагачите на законот ќе изготвар и на Собранието ќе му достават Предлог на закон, при што ќе ги имаат предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работнит етела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Макеоднија да се достави до предлагачите на законот.

Предложениот заклучок го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, за 61, воздржан 1.

Констатирам дкеа предложенито заклучок е усвоен.

Минуваме на точката Десет - предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оргаизација и работ ана органите за државна управа , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот , Мислењето на Владата, Извештајот на Комисиајта за политички систем и односи меѓу заедницит еи Дописот на  Законодавно-правната комисија  Ви се доставениодносно поделени.

Согласно член 95, став 3 од Уставот на Република Макеоднија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Отворампретрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Јордановскикако предлагач на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако усмено се договоривме, очигледно заборавивте, изумивте, јас го повлекувам Предлогот на закон и предлагамзаконот да оди во две фази. Сега да биде само првата фаза на овој закон.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Не е заборавено, меѓутоа процедурата е таква и одиме по процедурата. Сега ви беше време, моментот кога требаше официјално да соопштите, бидјеки тоа мроа да оди во белешките од оваа седница.

Дали некој друг бара збор по Предлгоот за донесување на закон.

Дали би сакале да го образложите предлогот за донесување на закон?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

образложението што е дадено, со кое Што е поткрепен овој Предлог за донесување на закон е сосема доволно. Но, во кратки црти би кажал дека оваа измена се однесвуа на статусната положба, измена на таа положба на Хидрометереолошката управа Што е во рамките на Минситерството за земјоделие, шумарство иводостопанство.

Како што е назначено во образложението, ваква промена настана во 2000 година и искуствата покажуваат дека подобрување во работата на оваа служба, од битно значење за државата Македонија нема. Дури имаме некои одредени проблеми што се воочија посебно во почетокот на оваа година ког аимавме градобијни штети, бидјеки на време не се реагираше од страна на оваа служба. Не велам дека се тоа субјективни проблеми, но обејктивната поставеност не овозможува максимална активност и работа на оваа служба.

Затоа со овој закон предлагам повторно да се врати старито статус на Управата за ХМР односно, односно да биде Завод како што беше пред 2000 година. Причините за тоа може да се елабурираат, јас сум тука да одговорам на некои дилеми.

На крајот би сакал да му се извинам на г-динот Трајковски што вчера не го потсетив да си поднесе оставка затоа што ја злоупотребил институцијата претседател и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навредил сите граѓани и ги погазил нивните фундаментални права.

Благодарам.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Реплика има господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРОКО:

Како реплика на господинот Јордановски, во секојслучај го почитувам мислењето на г-динот Јордановски, меѓутоа иако формално излегува надвор од деловничката процедура, бидјеки не е на дневен ред, го искористив правото на реплика меѓутоа и јас исто така сметам, дека доколку се расправа за тоа г-динот Борис Трајковски треба да си поднесе оставка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Иако морам да повторам оваа навистина не е тема на денешната точка што е на дневен ред.

Моалм, да се држиме до дневниот ред.

Има збор господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Почитувана потпретседателеке, господине Кондарко,

Мислам дека не ви беше упатно, претходно имавме еден закон, Закон за амнестија. Во весникот "Вест" ве прочитавме дека и вие сте еден од тие кои ги амнестиравме. Сметам дкеа дури не требаше да гласате за тој закон, да не бидете присутни, бидјеки лично се амнестиравте. А, сега си дозволувате многу друга работа..

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, само лично обраќање, ова е друга точка.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се извинувам и јас што морав, меѓутоа ако настане вака ќе испадне дека, вие требаше госпоѓо потпретседателке да ги предупредите , еве, Љупчо Јордановски го кажува тоа, меѓутоа ова може да премине во пракс апа да почнеме секој што не ни се допаѓа да кажуваме на секојговор. мене ако не ми се допаѓа Бранко Црвенковски, се извинувам бидејки е премиер што ќе го спомнам, па да почнеме во секоја наша дискусија, да кажеме-треба да си даде оставка , да измислиме нешто.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трајановски во ред е, токму затоа јас и дадов забелешка, секогаш давам забелешки.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се извинувам што се одалечив од темата.

Инаку што се однесува до овој закон, на почеток ќе напомнам дека ќе го подржиме, чиј предлагач е господинот Љупчо Јордановски. Мислам дека работи во оваа институција. Ја разбираме неговата заложба за подигнување на нивото, значајот и функционирањето на оваа Управа. Се предлага соовој законод Управа за ХМР, што е ворамкит ена Министерството за земјоделие, што беше ставена со Законот од 2000 година или 2002 година и од тогаш наваму, до тогаш беше како независна институција, со тој Закон стана во рамките на Министерството за земјоделие. Мислам дека тоа го нарпавивме меѓу другото и од причини што имавме жестоки критики од тогашната опозиција , а сегашна позиција, дека имамногу субјекти во државата. Тоагаш формиравме и други министерства, дека тие треба да се намалат. Најверојатно еден од начините биле еве што и тој Завод е од државен и му се смалени ингеренциите, па стана во рамките на Министерството.

Меѓутоа, сега знаеме дека е значајна оваа институција и сметам дека треба да го поддржиме. Меѓутоа, не знам што мислела тогаш а што мисли сега позицијата, но добро е.

Исто така, би сакал да напоменам дека на Комисијата го немавме Мислењето на Владата, што за нас е значајно и мислам дека требаше да го имаме. Незнам зошто Владата не го достави на време. Иако Владата вели во своето мислење дека со планот агенда, што е доставена до сите пратеници, овој закон за организација и работа на органите на државната управа ќе биде на дневен ред оваа година, во втората половина од годината односно есента, и препорачува овој закон да не се донесува, наводно ќе биде опфатено со ова, меѓутоа, господинот Јордановски најдобро знае дали ќе биде или нема да биде. Меѓутоа, сметам дека во иднина пратениците од позицијата треба барем да се усогласуваат со Владата, со оглед дека се нејзини поддржувачи, при изготвувањето на предлозите на законите во најмала рака барем на време да се добијат тие мислења и таа комуникација да биде малку поквалитетна, за да можеме на комисиските расправи да имаме поквалитетна расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПВОСКА:

Реплика за господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Коце Трајановски, ве молам седнете, на вас е репликата.

Господине Коце, да не ве штитеше Уставот на РМ како пратеник дека не можете да одговарате кривично за јавно изговорено мислење од собраниската сала и собраниската говорница, ќе добиевте една убава кривична пријава за клевета за ова што го изрековте дека јас сум на списокот на амнестираните, што не е точно и ќе му се придружевте на вашиот поранешен министер Пауновски како обвинет за кривично дело за проневера на 13 милиони германски марки тогаш.

Инаку, моите граѓански обврски се исполнети и регулирани согласно позитивните закони и тоа уште во текот на 2000 година кога токму инкриминираниот и контраверзен Пауновски беше министер за одбрана. Впрочем, да имаше нешто спорно, не верувам дека вие ќе пропуштевте да реагирате.

Ве молам да ги повлечете вашите лаги и клевети, апсолутно не е точно и се спротивставувам, бидејќи оваа ваша изјава ја оценувам како крајно тенденциозна и омаловажувачка и не ви доликува без аргументи - покажете го списокот, да видиме кој е на тој список на амнестирани - паушално да изнесувате овде вакви невистини. Да се засрамите како пратеник, не ви доликува во јавноста да се однесувате вака.

Повеќе немам намера да комуницирам со вас од оваа говорница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Само би сакал да напоменам дека јас кажав дека тоа е дадено во весникот “Вест”. Тоа беше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова беше добар пример дека во своите дискусии треба да се потпираме на здрави аргументи.

Следен пријавен за дискусија е господинот Марјан Ѓорчев.

Очигледно, прераскажана работа не е аргумент.

Продолжуваме, господинот Марјан Ѓорчев има збор. Ве молам, почит да имаме меѓу себе, господинот зема збор, да му овозможиме да говори.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувана потпретседателке, во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, поднесен од предлагачот, господинот Љупчо Јордановски, јас би се задржал на стручниот аспект на овој предлог, ценејќи дека и перфектноста на сегашниот закон за организација и работа на органите на државната управа, особено во оној дел каде што цели организациони делови од органите на државната управа, посебно во делот на стручно технички прашања, корпус на прашања каде што партиципираат стручни познавања, укажува на тоа дека независно од тоа што ќе има навестување од Владата дека до крајот на годината ќе има комплетен предлог за измена и дополна на Законот за организација и работа на органите на државната управа, дека овој завод кој што е сега во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, апсолутно по карактерот на својата работа, задачите кои ги има за извршување во доменот на метеорологијата, хидрологијата и контролата на животната средина во делот на времето и климата во Република Македонија и пошироко, севкупната техничко-технолошка организациона поставеност, соработката со одредени светски меѓународни институции, како и одреден донации кои помогнаа особено и пред се во контролата на животната средина во делот на времето и климата, и самиот заокружен процес на разрешување на сите технички аспекти на работата на оваа организациона целина, укажува на тоа дека е потребно оваа организациона единица да биде издвоена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Тука сакам да укажам дека ваков предлог беше поднесен и од тогашниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и поранешната Влада, укажувајќи на тоа дека покрај издвоеноста на потребата од позебна управна единица на Заводот за метеорологија, хидрологија и контрола на животната средина, кој ќе опфати повеќе сегменти, пред се од повеќе министерства, Министерството за екологија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, исто така ќе придонесе за подобрување на функционалната и организациона поставеност на овој завод.

Од тука, можам да кажам дека ова е прва фаза која ќе ги подобри сите аспекти на работа кои ги има во своја надлежност во овој момент оваа управа, а во

иднина се надевам државен завод за метеорологија, хидрологија и контрола на животната средина во делот на времето и климата.

Од таму, би сакал тука да истакнам дека е нужно исто така да се размислува во делот на севкупниот воден ресурс и управување со водите на Република Македонија, да се формира агенција за води како издвоена управна единица и агенција за шуми и горско стопанство, како две агенции кои исто така ќе бидат иземени од тој административен состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ќе помогне за подобра функционална и организациона поставеност на овие единици и заедно со Државниот завод за метеорологија, хидрологија и контрола на животната средина ќе обезбедат навистина квалитетни пазарни услови на стопанисување, растоварување на Буџетот на РМ и овозможување вклопување во она што претставуваат светски трендови и искуства, каде што прашањето на водите, горите и метеорологијата и хидрологијата претставуваат посебни организациони единици во високо развиените западни земји.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

2. Предлагачот на законот ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите зодржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достават до предлагачот на законот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Ги повикувам пратениците што се наоѓаат во близина на собраниската сала да влезат за да можеме да гласаме.

Ова гласање го поништувам, ќе го утврдиме кворумот.

Ги молам службите да утврдат колку пратеници се присутни во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да можеме да обезбедиме услови за гласање.

Молам, ако може да ги повикате пратениците кои видовме денес дека се присутни во Собранието да влезат во собраниската сала.

(Повеќе пратеници влегуваат во салата).

Значи можеме сега да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Присуртни се 64 пратеници, вкупно гласале 58, од кои 56 за, двајца воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Преминуаме на 11-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење оружје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер и претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Со овој предлог за донесувањ на закон за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје како Владата, така и ние како законодавен дом се приближуваме кон заокружување на една целина во предлагање на легислатива која води кон подобрување на општата безбедност и сигурност на граѓаните на Република Македонија, а истото беше започнато со донесување на Законот за доброволно предавање на оружјето, муниција и експлозивни материјали, како и со овозможување за легализација на оружјето.

Лично сметам дека предложените измени и дополнувања на овој закон се однесуваат на сите оние сопственици на оружје кои легално го поседуваат оружјето, но го користат нелегално и спротивно на законските прописи. И пкрај тоа што досегашниот закон ја регулираше употребата на огнено оружје на јавни места, сепак, непостоењето на изрична законска забрана за негово носење на јавни места, во

практиката се покажа дека често пати од било какви причини оружјето беше злоупотребувано. Честопати тие недолжни граѓани се мини сведоци на трагедии од негова неовластена употреба, во кои не ретко последиците беа кобни. Особено што во овој постконфликтен период како граѓани сме потресени и од неконтролираните истрели на свадби, крштевки и на разни други свечености и манифестации.

Од тие причини, сметам дека воведувањето на една ваква законска рамка е неопходно потребно и во целина ги прифаќам причините, начелата и целите кои треба да се постигнат со донесувањето и имплементирањето на овој закон.

Предложената законска забрана во член 17 е експлицитна и јасна. Цитирам: "Забрането е носење на оружје на јавно место". Во целина се согласувам со дефинирањето на поимот јавно место, кој поим во суштина на сите ни е познат, меѓутоа, во практичната примена на предложениот закон ќе отстрани многу можни дилеми. Сепак, сметам дека не е потребно и објаснувањето на тоа што не е потребно да се смета за јавно место, затоа што може да создаде многу други дилеми и забуни, а според мене и одредени пречки и во практичната примена на законот. Сите добро знаеме дека многу несреќни случаи од употребата на оружје, како и злоупотребата на оружје, односно најразлични планирани и непланирани ситуации се случуваат најчесто токму од сите места наведени во ставот 3 на член 1, а се однесува на член 17, односно, тоа се места балкони, дворни површини, автомобили и сл. Затоа сметам дека е потребно и сосема доволно само прецизно определување на поимот јавно место, односно само негова позитивна детерминација.

Донесувањето на овој закон сам по себе ништо не значи и сигурно нема да бидеме задоволни ако почесто ги применуваме неговите казнени одредби. Меѓутоа, без пошироко запознавање на јавноста со целите и суштината на овој закон и вклученост на сите надлежни органи во неговата примена не може да се очекуваат позитивни резултати.

Затоа, сметам дека и медиумската покриеност би била многу важна, иако од се најважно е нашето однесување и пристап кон поседувањето и носењето на оружјето.

Почитувани пратеници, сите добро знаеме и убедени сме во тоа дека ни се потребни либерални, но сепак доволно прецизни и комплексни закони во согласност со европската легислатива. Во овој период, кога ни недостасува една комплексна и прецизна регулатива во оваа област, а во очекување на еден нов веќе најавен закон

за оружје, се со цел за заштита на интегритетот на граѓаните на Република Македонија, во целина го поддржувам и поздравувам донесувањето на овој закон.

На крајот ќе ми дозволите да потенцирам дека нашата безбедност зависи од самите нас. Јас упатувам мојата порака и до сите нас и до целата македонска јавност дека треба да зборуваме со јазикот на аргументите, а не со јазикот на оружјето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Факт е дека во Република Македонија постои многу оружје, дури може да се каже и премногу. Според некои извештаи кои беа објавени во јавноста се проценува дека во Република Македонија има од 20 илјади до 500 илјади парчиња оружје. Ќе се согласите, тоа е и премногу, макар и да е точна бројката од 20 илјади парчиња оружје.

Би сакала само да се навратам на хронологијата за појавата на оружјето која датира уште пред 10 години и се јави како резултат на неповолните економски, безбедносни и политижки состојби во регионот, посебно во процесот на дезинтеграција на поранешната СФРЈ, војните на просторите на Босна и Херцеговина и Хрватска, безредијата во Албанија, вооружените судири и немири во Сојузна Република Југославија, Косово и Јужна Србија и нарушената политичко безбедносната состојба во Република Македонија, во текот на 2001 година и порозноста на нашите граници што доведе до постојано зголемување на бројот на оружјето во Република Македонија.

Сметам дека Владата го предлага донесување на овој закон поради сознанието за неконтролирано поседување на оружје и потенцијалната опасност од неговата употреба, заради зачувување на внатрешната безбедност, мирот и стабилноста во Република Македонија преку оневозможување на употребата на оружјето за дестабилизирање на состојбата во Македонија, како и за спречување на меѓусебните пресметки на граѓаните.

Но да ве потсетам дека на 28.05.2003 година овој Парламент го донесе Законот за доброволно предавање и собирање на огненото оружје, муницијата, експлозивните материи и за легализација на оружјето.

Основната интенција на тој закон е собирање на целото или во најголем дел оружјето, муницијата и експлозивните материи што граѓаните ги поседуваат неовластено, истото да се уништи, но се дава можност лицата да го легализираат тоа оружје кое неовластено го поседуваат, доколку ги исолнат условите пропишани со Законот за набавување, поседување и носење на оружје.

Значи овие два закона меѓусебно се поврзани. Кога веќе постои можност со член 11 став 3 од Законот за доброволно предавање и собирање на оружјето, муницијата и експлозивни материи и за легализација на оружјето е веќе дозволено да се направи легализација на оружјето, дали тогаш не треба прво да се заврши процесот на доброволно предавање и собирање на оружје, па дури потоа да се поднесе овој предлог на закон, бидејќи сметам дека во овој случај кога се сака паралелно овие два закона да минат, предлог законот за набавување, поседување и носење на оружје, ја губи својата смисла.

Ова го велам од причини што со доброволното предавање и собирање на оружје, или неговата легализација е многу покрупна, посложена работа, која се однесува посебно на обезбедувањето на виталните безбедносни интереси и сигурноста во Република Македонија, а особено во кризните региони, отколку дефинирањето на поимот јавно место, или промените во делот на паричната казна. Не велам дека не е важно дефинирањето, меѓутоа, ако се споредат овие две работи, секако дека многу поважно е доброволното предавање и собирање на оружје.

Затоа, според мене, прво треба да заврши процесот на доброволно предавање и собирање на оружјето, муницијата и експлозивните материи, како наредна фаза да се легализира она оружје што може да се легализира со постојниот закон за набавување, поседување и носење на оружје, па дури потоа да се изврши промената која се предлага со овој закон. Затоа што, на крајот на краиштата, веќе во членот 17 постои дефиниција да не се употребува на јавно место, а со член 17-а се допрецизира што значи јавно место и негативната одредба на поимот јавно место.

Со оглед на тоа дека со член 17-а се дорегулира членот 17 од законот, со кој во став 1 се забранува носење на оружје на јавно место, а во наредните два става се дефинира поимот јавно место во став 2 во позитивна смисла, во став 2 во негативна одредба, значи места што нема да се сметаат како јавно место, за според логиката на нештата со казнените одредби треба да се предвидат пониски казни како што се предлагаат во овој Предлог на закон за набавување на оружје, туку заради ефектот или постигнување на целта на казната.

Ќе се повикам на тоа дека се согласувам со потребата од спречување на употреба на оружјето на јавни места заради меѓусебни пресметки, што во најголем број на случаи завршуваат со смрт, или со тешки телесни повреди и сметам дека казните кои се предвидуваат со овој предлог закон треба да бидат многу поригорозни, отколку казните да бидат поригорозни и тоа казните за неовластеното поседување и носење на оружје.

Од овие причини законот ќе го поддржам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван министре, еве денеска го имаме на дневе ред најавуваниот закон за изменување и дополнување на законот за набавување, поседување и носење оружје и мора сепак, да ја пофалиме Владата во тој дел што она што го вети и исполнува, а тоа беше ветено уште со донесувањето на законот за доброволно предавање на оружјето, во онаа насока дека после него ќе следат уште два закона, тоа е овој закон што денеска го гледаме и измените на Кривичниот законик.

Значи со денешното усвојување на овој закон би требало да се заокружи она што беше најавено за да целта која пред себе си ја постави Владата биде на некој начин што подобро реализирана и остварена. А целта е што помалку да имаме криминал, како една од причините за појавата на криминалните дејствија, посочени од Владата е токму и тоа оружје кое во Република Македонија за жал го имаме во доста голем број.

Сега ако одиме комплексно со првиот закон за доброволно предавање на оружјето со што таа постапка треба да отпочне некаде од есен, значи првата работа е да се собере што повеќе оружје на доброволен принцип.

Втората работа е со оние измени на Кривичниот законик, каде што се кажува дека доколку во тој рок на доброволно предавање на оружје не се испочитува или тие граѓани кои што го поседуваат оружјето не го предадат на време, ќе следат поригорозни казни. Измените се во делот на казнитем и со овој предлог закон да се обрне внимание каде и како смее да се носи оружјето.

Јас апсолутно се согласувам со идеата на Владата, или на Министерството за внатрешни работи со додавањето на членот 17-а, сметам дека

ова е сега една измена во насока на постоечкиот закон, која измена е на некој начин принудена, затоа што претходно веќе ги донесовме овие два закона кои што ви ги кажав, а принудена е и од состојбата која што во Република Македонија навистина алармантно покажува дека токму порастот на криминалните дејствија се случуваат токму на овие места кои што сега се посочени како јавни места во членот 17-а ставот 1 како предиспозиција за се почести кривични дела, значи оние масовни собирања на улици, плоштади итн, сега да не ги читам член по член, каде што на некој начин во една пресметка помеѓу граѓаните многу лесно се посегнува и по оружјето.

Јас сметам дека со самиот факт што на граѓаните на такви јавни места нема да им биде дозволено, поточно ќе биде забрането да се носи оружјето, во секој случај ќе придонесе барем за оние тешки кривични дела, поврзани со убиства, тешки ранувања итн, во еден голем дел ќе бидат смалени. Тоа го очекувам макар што сметам дека самиот член, односно самата забрана нема да значи ништо доколку таа истата не се спроведе пред се, од Министерството за внатрешни работи преку едни посеопфатни контроли, значи преку едно почитување на овој член кој што сега се носи, како и во делот на оние казни кои ги пропишува овој закон, но и во делот на казните кои ги пропишува Кривичниот закон. Значи, во секој случај, мора да имаме една посеопфатна контрола, нормално поткрепена со законска регуларива, за да сепак на граѓаните покрај укажување за повикување на нивната свест дека е донесен закон со кој што се забранува носење на оружје на јавни места, сепак значи покрај свеста треба да се применат и контролни мерки и казнени мерки, за да се свати дека една одлука и еден закон и еден член од законот сепак мора да се почитува. Значи јас сега би дал еден потстрек, еден апел до Министерството за внатрешни работи, да продолжи поригорозно во оваа насока. Ако пречка во овој дел бил, тоа што немало регулатива во овој дел, сега со самата регулатива МВР да биде поохрабрено и поригорозно да го спроведува во смисла на тоа што помалку да имаме криминални дејствија и да живееме во едно побезбедно време и побезбедна состојба. Иако, морам да потенцирам една работа, јас тоа сум го кажал и во претходните дискусии, кога беа другите закони на дневен ред, само по себе иако е причина, оружјето не е причина само за создавање на кривични дела, многу други фактори влијаати исто така, да дојдеме до мотивите на одредени кривични дела, така да Министерството за внатрешни работи и не само тоа, туку комплетно сите институции, кои се задолжени за безбедноста на Република Македонија мора да ги гледаат и тие други мотиви во еден консензус, во еден заеднички аспект за да

безбедносната состојба во Република Македонија биде подобра, значи мора еден комплекс на дејствија и мерки да бидат се посеопфатни. Значи ниту кај мене, ниту во пратничката група на ВМРО-ДПМНЕ не постои дилема, овој закон во секој случај ќе го поддржиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада.

Јас лично сметам дека означениот закон кој го разгледуваме, ќе значи продолжување на мерките, кои верувам дека ќе придонесат за зголемување на безбедноста на граѓаните, а со тоа и на севкупната безбедност во државата, бидејќи пред извесно време ги донесовме измените на Кривичниот законик, каде што се предвидени поригорозни мерки, а претходно го донесовме и Законот за разоружување, така да сметам дека со целиот овој пакет на закони, каде што го сврстувам и овој закон, сметам дека ќе се намали можноста на злоупотреба, односно на неовластена употреба на оружјето, пред се, преку ограничување на правото да се носи оружје на јавни места и на други места кои се наведуваат во Законот.

Оттаму, јас лично го поддржувам донесувањето на овој закон и сметам дека ќе има позитивно дејство и го сфаќам како преодно решение до донесување на еден нов комплексен закон и во оваа прилика сакам да укажам дека постојниот закон е стар веќе околу 23 години, бидејќи е донесен 1972 година со неколку новелации и на комисиската расправа од повереницте беше укажано дека наскоро можеме да очекуваме сосема нов закон. Јас би сакал барем до крајот на годината, еве министерот е тука да го донесеме тој закон, бидејќи во постојниот има несоодветни решенија.

Имено, јас 1997 година предложив измена на овој закон и тогашните структури од МВР ни кажаа дека таа измена ја поддржуваат, меѓутоа за некој месец ќе влезе во Собранието нов закон. Еве поминаа повеќе од 6 години, таков закон немаме и сметам дека навистина би било добро што побрзо да влезе во собраниска процедура нов закон, бидејќи стариот закон, не само што содржи некои несоодветни

термини, туку и некои решенија кои се навистина, надминати во практиката, бидејќи е донесен 1972 година, како што кажав.

На крајот би сакал да укажам дека овој нов закон треба да предвиди одредби за задолжителна обука на оние кои што ќе се аплицираат за дозволата за носење и поседување на оружје, бидејќи не мал број на инциденти се случуваат, токму поради несоодветно ракување и сметам дека со предвидување на задолжителна обука, на оној што аплицира да мора да се запознае со ракување на оружје, а потоа да може да носи, би се намалиле овие инциденти.

Сосема на крајот би сакал да кажам дека сепак овие ригорозни мерки и сум за тоа во принцип за поригорозни мерки при издавањето и поригорозни услови при издавањето на дозволата за поседување и носење на оружје, меѓутоа, јас во нашата канцеларија во Кисела Вода имавме реакции од одредени сопственици на менувачници и некои други кои што реагираа на ова и прашаа дали овој нов закон ќе ја уреди дозволата за издавање на некои ризични професии како што спаѓаат и тие и во оваа смисла би сакал извесно објаснување од министерот, иако во принцип сите ние имаме консензус од опозицијата и од позицијата дека навистина со овој пакет на закони ја намалуваме можноста на бројни инциденти, иако тие не можат само со закон да бидат отстренети, или елиминирани тие можности за злоупотреба на оружје, но во секој случај полека се влијае на намалувањето на злоупотребата на оружје и верувам дека и овој закон ќе придонесе за поголема стабилност на нашите блиски, на сите граЃани на Република Македонија  и оттаму сметам дека самите пратеници ја сфаќаат оваа тежина на пакетот на овие закони и на овој закон, бидејќи истите истражувања покажуваат, покрај економските проблеми дека и проблемите на безбедноста се тие кои што најмногу ги засегаат граѓаните на Република Македонија и оттаму задача на оваа Влада и на овој Парламент да работи во оваа насока со елеминирање на овие можности.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги и колешки пратеници, почитуван министре.

Пред нас на дневен ред е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за набавување, поседување и носење на

оружје, со Предлог на закон, кој е дел од низата закони и мерки кои ги превзема МВР, се со цел спречување на употребата на оружјето и зголемување на општата сигурност и безбедноста на граѓаните на Република Македонија.

Тука ќе го спомнам и законот за доброволното предавање на нелегалното оружје, формирањето на координативното тело, за кое што зборуваше колешката Којзеклиска и апелирам во овој контекст Министерството за внатрешни работи овој процес да го забрза, со цел намалување на бројките што ги искажаа повеќе пратеници.

Со постојниот закон за набавување, поседување и носење на оружје, меѓу другото, пропишано е во член 17, сопственикот на оружјето да се грижи за исправноста на оружјето и муницијата и внимателно да ракува и да не го употребува на јавни места и да не ја загрозува безбедноста на луѓето и да не е достапно на малолетници.

И покрај ваквите одредби во постојниот закон чести се инцидентите со смртни последици или тешки повреди, каде доста често жртви се децата од употраба на легалното и нелегалното оружје и муниција. Ваквата состојба влева страв и општа несигурност кај сите нас.

Со измените и дополнувањата на Законот што е на дневен ред пред нас поседување и носење на оружје се предлага воведување на забрана на носење на оружје на јавно место и јасна дефиниција на поимот јавно место.

Не би се впуштала во дискусија по дефиницијата на јавно место затоа што тоа одзема доста време а и во предлогот доста е кажано.

Прекрчшочните казни во овие измени се казна затвор до 30 дена и парична казна од 15.000 до 30.000 денари со што се врши усогласување со постојниот закон за прекршоци во делот на казните.

Овде сакам да изразам поддршка на Министерството за внатрешни работи кое ги донесе овој пакет на закони за зголемување на безбедноста и сигурноста на граѓаните, кое што е приоритет на сите нас.

Посебно сакам да ги нагласам напорите што ги прави Министерството и министерот Костов за разлика од претходниот министер кој го пропагираше оружјето лично испробувајќи го врз новинари без притоа да одговара за небрежност заборавајќи дека законот важи за сите, делејќи оружје и сеење магла. Неговото столче во пратеничката сала е празно и ја изневери довербата на граѓаните кои гласале за него. Ме радува што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ги поддржува овие предлог-измени на законот со цел да се зголеми безбедноста во државата.

Знаејќи дека реформите во јавниот сектор мора да се спроведат ако сакаме развој на Република Македонија и ако се отпочнеа порано помалку ќе болеа. Реформите оваа Влада и овој Парламент мора да ги спроведе за иднината на Македонија без разлика по која цена, знаејќи дека реформите не се популарни. Ништо е е поважно од силна стабилизирана и демократска Република Македонија.

Пратеничката група на ЛДП ќе ги поддржи со задоволство овие промени на Законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Како член на Комисијата за одбрана и безбедност, со оглед на тоа што дискутираме по овој закон би сакал да кажам некои свои видувања. Имено, на почетокот ќе напоменам, како што кажа и колегата Жарко Караџоски ние ќе го поддржиме овој закон бидејќи сметаме дека со тоа ќе се зголеми сигурноста на граѓаните на Република Македонија.

Во врска со законот, ова е стар закон донесен уште 1972 година со одредени измени 1976, 1983 , 1988, 1993, значи последните измени се направени пред десетина години, но во последните 10 години се случија многу работи. Како најзначајно е косовската војна и војната во Република Македонија 2001 година кое индиректно или директно влијае на безбедноста во Република Македонија. Сето тоа влијаеше енормно да се зголеми количината како на нелегалното исто така и на легалното оружје. Со тоа да се има една можност за смалена сигурност во Република Македонија.

Нормално, во такви услови на намалена безбедност е зголемен бројот на оружјето. При ова се јавуваат многу случаи на несоодветно чување и носење на оружје и муниција, несоодветно ракување со тоа оружје и municијата, како и начинот на набавка и обука на луѓето кои што добиваат легално оружје.

При ова сметам дека на овој закон кој што е донесен 1972 година треба да се направи една поголема измена, иако ова е само дел од измената што се прави во него. Мислам дека треба да биде една посеопфатна и постудиозна, бидејќи времето го има надминато овој закон. Со овој закон има две групи на важни измени, а тоа е во делот на забраната на носење на оружје на јавните места. При ова сакам да кажам дека има и амандмани, она што не се смета за јавно место како на пример

балкон и тераса, ние кажавме и на Комисијата би требало да се корегира по мое мислење. Дозволено е оружје само во домовите и дворните површини, во превозните средства, на стрелиштата, во терени за вежбања и во ловишта.

Во делот на казните малку зачудува тоа што казните се намалени. Сега се од 15 до 30 просечни плати. Мислам дека ова е преведено, сега е во апсолутни вредности, претходно беше во платни, а претходно беа од 50 до 100 плати. Незнам зошто е ова направено. Од една страна ги заостуваме условите за набавка, поседување и носење на оружје, а од друга страна ги намалуваме казните.

Јас би сакал уште еднаш да потенцирам дека добро ќе беше овој закон да се донесеше после доброволното предавање на оружјето за кое што се формира и комисија и мислам дека некаде од октомври треба да почне да работи и за 45 дена треба да го собере нелегалното оружје. Така да од временски аспект сметам дека подобро ќе беше да се донесе овој закон.

Исто така сакам да напоменам дека од многуте инциденти кои се случуваат во Република Македонија мал е бројот на тие што се случуваат со легалното оружје. Во најголем број тоа е со нелегалното оружје и поради тоа сметам дека со собирањето на нелегалното оружје ќе се намали и тој вид на инциденти во Република Македонија.

Ние како пратеничка група со цел за зголемување на сигурноста на граѓаните ќе го прифатиме овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Џеват Хусеини.

ЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Законот што е пред нас го поддржувам како и сите останати, бидејќи ни дава можност за помирни денови, за поголема сигурност на граѓаните. Верувам дека луѓето кои што се раководители, кои раководат со ова министерство ќе воспостават еден нов соодност со граѓаните и со своите вработени што ќе се заснова врз една нова етика за рамноправно третирање на граѓаните.

Верувам дека ќе се успее, граѓаните ќе го доживеат, вработените во ова министерство како заштитници на интегритетот и дигнитетот на граѓанинот и како орган кој што војува, се бори против лошото во општеството, бидејќи лошите се само лоши и немаат нација и немаат вера.

Сакам да надополнам дека законот за дозволување на оружје треба да биде рестриктивен и да се знае кој добива во раце оружје.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје.

Пред да преминеме на гласање молам служибте да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Преминуваме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници гласале и сите за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се преетресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 во новиот член 17-а став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеничката Наташа Бикова поднесе амандман на член 1 за бришење на став 3 во новододадениот член 17-а, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3 за додавање на нов став 2 по ставот 1.

Пратениците Борис Кондарко, Ристо Бислимовски и Цветанка Иванова поднесоа амандман на член 1 за менување на став 2 во новиот член 17-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3 во новододадениот член 17-а, поднесен од пратеничката Наташа Бикова.

Го молам претставникогт на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Владата не го прифаќа овој амандман затоа што мислиме дека ставот 2 треба да остане во смисла на негативната дефиниција на јавното место и за да немаме забуни во практичната примена мислиме дека треба да остане.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 17 пратеници. За гласале 9, а во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го моам претставникот да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 2 во новиот член 17-а, поднесен од пратениците Кондарко, Бислимовски и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на  Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман не се прифаќа затоа што и со амандманот на Владата основните одредби се прецизирани во амандманот што Владата го поднесе, така да овој амандман Владата не го прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Идејата за да го поднесеме овој амандман беше да се допрецизира јавното место во смисла на законот. Бидејќи во меѓувреме и Владата го допрецизира местото ние го повлекуваме амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор по текстот?

Има збор министерот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Бидејќи остана прашањето околу казнените одредби со овој закон се намалуваат. Тоа е само една забуна, затоа што и претставниците спомнаа дека во казнените одредби последните измени на овој закон, законот е од 1972 година, измените се од 1993  и 1988 година, во тој период практично на хиперинфлација во Република Македонија апсолутниот износ на платите како плати беа помали во овој дел во однос на она што сега се предлага со законот.

Второ, казнените одредби од закнот мораме да ги усогласиме со Законот за прекршоци. Тоа е распонот во кој што можеме да се движиме, и само привидно излгеда намалувањето на казните.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење оружје.

Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити со Предлогот на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани министри претставници на Владата, почитувани колеги пратеници!

Би сакала сосема накратко да земам учество во расправата по Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити, со Предлог закон, што го имаме на денешната седница, како како точка на дневен ред.

Мојата дискусија ќе биде во насока на поддршка на напорите што се прават да преку одредени измени и дополнувања на постоечките законски решенија се постигнат позитивни ефекти во домашната економија и банкарскиот систем.

Имено, со измените и дополнувањата на овој Предлог-закон, интенцијата на предлагачот е да се влијае на намалување на трошоците на работењето на банките и штедилниците, а кое намалување за крајна цел ја има намалената цена на чинење на банкарските пласмани а со тоа да се постигне во функција на стопанскиот развој.

Улогата на Фондот за осигурување на депозити, како специјализирана финансиска институција, неопходно потребна во услови на пазарно стопанство, кога ли банките и штедилниците, како и секој друг стопански субјект, се подложни на конкуренција и финансиски може да пропаднат, постои за да се има доверба во банкарскиот систем и да ги осигура депозитите на физичките лица.

Имајќи одредени сознанија од досегашното работење на Фондот, кој што е основан во 2000 година и дека во своето работење тој инкасирал 3% од пропишаните 5% од вкупните депозити на банките и штедилниците во Република

Македонија, предлагачот нуди решение да овој цензус од 5% се намали на 4% средства што Фондот треба да ги поседува за да може да интервенира во случаи на пропаѓање на банки или штедилници, што е позитивно од аспект на растеретување на банките и штедилниците, да престанат да уплаќаат премија кога Фондот ќе го исполни лимитот од 4% како што се предлага. Да им веруваме на анализите од Министерството за финансии и да ја прифатиме оваа измена бидејки е во обратна насока од она што обично ни се случува, односно зголемвуање на одредени зафаќања и давачки во било која област.

На прв поглед, реакцијата би била дека ова е ризичен потег, во услови ког ани се случува да пропаѓаат банки и штедилници, да се оди кон намалување на висината на средствата со кој Фондот би стапил на сцена и во такви ситуации, да има доволно средства да ги исплати депозитите на физичките лица 100% во денарска противвредност до 10000 евра и 90% во денарска противвредност до 20000 евра.

На почетокот ја нагласив главната поента на овој потег, кога е во функција на намалување на активните каматни стапки на банките и штедилниците, преку намалување на премијата што банкит еи штедилниците ја уплаќаат на годишно ниво во Фондот за осигурување на депозити. Како друга погодност во та анасока е намалувањето на процентот зџа задолжителна премија од 2,5% на 0,7% од вкупните депозити што банката а и штедилницата ги има, односно повторно помал трошок при нивното работење, затоа што се работи за неповратни средства.

За обезбедување на поредовна уплата на вака намалената премија, се воведува пресметка на камата за неродовнит еуплати, што ќе ги тера банките и штедилниците редовно да ја измируваат својата обврска кон Фондот.

Се предлагаат и други измени и дополнувања на основниот текст, а чија што основна цел е јакнење на довербата во банкарскиот систем и порамноправен статус на сите субјекти од тој делокруг, па така се воведува решение за уплата на 1% членарина од основачкиот капитал на новоформираните банки и штедилници, кои средства исто така се неповратни и веднаш може да се користат ако се случи реизичен настан и во некоја туку што формирана банка или штедилница.

Одредени измени и дополнувања одат и во правец на усогласување и со изменит еи дополнвуањата што ќе се извршат со предлогот за донесување закон за изменвуање и дополнување на Законот за банките на Република Македнија, со Предлог закон што е на дневен ред на 32-та седница на Собранието на Република Македонија закажана за 22 јули. Овие усогласувања се однесуваат на намалување

на процентот на сопствениците на акциите да се стекнат со управувачко право и тоа од 10% на 5% со што се овозможува и на помалите акционери да имааат влијание во политиката на банките и штедилниците, сосем анаалогно на решението од член 5 и член 11 од Предлог законто за банки, каде е предвидено да се бара согласност од Народната банка на Република Макеоднија за купување акции од 5%, со кои сопственикот се стекнува со управувачко право. Притоа, мор ада се знае и потеклото на парите со кои се купуваат тие акции.

Сите тие измени кореспондираат со она што се нарекува меѓународни банкарски и финансиски стандарди, па со тоа и нашиот банкарски систем станува компатибилен.

Во функција на имплементирање заштитни механизми кои ќе го спречат влегувањето на пари од нелегални бизниси во банкит еи штедилниците, и се поактуелната борба против овој вид криминал и на меѓународен план, сосема прифатлива е мерката што се предлага, да фондот не ги обештетува депозитите за кои ќе се докаже нивниот сопственик е осуден со правосилна пресуда за трансакции поврзани со перење на пари од криминални и нелегални бизниси (трговија со оружје, дрога, трговија со луѓе и сл.).

Не претендирајки во подетални акцентирања на помалите вградени промени во овој Предлог закон, а задржувајки се на покрупните и позначајните, би сакала на крајот да потенцирам, дека и покрај првичната недоверба што ја имав, дека овие решенија ќе имаат позитивен ефект, сепак, со една подлабока анализа и размислување, се доаѓа до основната цел која се нуди , а тоа е дека предложените измени и дополнувања ќе бидат во функција на градење во голема доверба во банкарскиот систем, чување на заштедите од граѓаните во банките и штедилниците, а не во домашните несоодветни “сефови”, изложени на ризикот од кражба без никакво обештетување, и се надевам дека конечно ќе го дочекаме денот ког абанкит еи штедилниците навистина ќе почнат да ги намалуваат каматните стапки на своите пласмани, и дек аконечно ќе имаме поефтини кредити за разни категории корисници.

Банкари, вие сте на потег!

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Илија Србиновски

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници на Владата,

Би сакал и јас да дадам некои забелешки по предлогот на овој закон.

Во член 3 став 1 од Предлог законот, процентот од 5% се заменува со 4%. Ова се прави со банките побрзо да се ослободат од обврската за плаќање на премија. Значи со оваа измена на прв план се ставаат интересите на банките и штедилниците, а не на штедачите и на осигурувањето на нивните депозити.

Се брише став 2 од член 5, од веќе постоечкиот закон. Со тоа Фондот се ослободува од обврската да го достигне нивото на средствата од 5%, од вкупните депозити на физичките лица, до 31.12.2003 година, што исто така е неповолно за штедачите. Додека овие промени се во корист на банките и штедилниците, а на штета на штедажите се потврдува и во член 5 од Предлогот на законот каде во став 1, во член 7, од веќе постоечкиот закон се менува процентот 2,5% на 0,7%. Овој процент се однесува на премијата што банките и штедилниците ја уплаќаат во Фондот за осигурување на депозити до 2,5%, од Годишното ниво на депозити и е намалено од 3,5 пати на 0,7%, што е многу големо намалување. И овде се оди на намалување на трошоците на банките, а не се води сметка за интересите на штедачите.

Во член 8 од Законот се менува ставот 1 од член 9 и од веќе постоечкиот закон. Со игра на зборови се менува ставот каде е прецизирано дека Фондот ги исплатува осигурените депозити на физичките лица во рок од три месеци од денот на одлуката на гувернерот на Народната банка за укинување на дозволата за основање и работење на банката или штедилницата.

Со новиот предлог за донесување на закон ова се менува и во член 8 став 1 се наведува дека обештетувањето запожнува во рок од три месеци од Одлуката на гувернерот на Народната банка за укинување на дозволата за основање и работење на банката или штедилницата, а кохс ќе заврши и колку време ќе трае, не е прецизирано. Ова е уште еден доказ дека со новиот предлог за донесување на Закон за Фондот за осигурување на депозити, Фондот се повеќе се става во функција да ги штити интересите на банките и штедилниците и се коси во основната функција на Фондот, а тоа е осигурување на депозитите на физичките лица во банките или штедилниците. Со овие промени се намалуваат финансиските средства со кои располага фондот и кои треба да ги обештетеи осигурените депозити во банките и штедилниците во кои настанал ризичен настан. На крајот се наметнува прашањето на кој начин ќе ги обврзе банките да ги намалат активните каматни стапки врз основа на новите поволни услови што им ги дава на кредитокорисниците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги, почитуван г-дине заменик министер,

Како пратеник и член на Комисијата за финансирање и буџет би сакал да го искажам мојот став и забелешките кои , дел од нив, беа презентирани на Комисијата за финансирање и буџет, во однос на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за Фондот на осигурување од депозити.

Факт е дека со овој предлог на закон односно со предложените измени се има намера, во еден дел да се олесни односно да се намали товарот што го имаат банките и штедилниците, во смисла на намалување на вкупниот обем на средства со кои тие учествуваат преку издвојување на премија во овој фонд. Меѓутоа, освен таа намера и делот што се однесува на казнените одредби, или уште неколку други измени кои навистина се позитивни, би сакал да ги пренесам дилемите и забелешките кои се наметнаа, разгледувајќи го овој закон, а кои навистина отвораат дилеми што треба да бидат доразјаснети.

Она што прво паѓа в очи, што веројатно е една од главните промени, е намалувањето на процентот од 5% на 4%, од вкупните депозити во банките и штдилниците на РМ, како капитал со кој фондот, при настанување на ризичен настан би ги покривал штедните влогови на граѓаните. Останува дилема дали овој процент, тоа беше презентирано на самата комисија од страна на колегите пратеници , значи останува недоволно јансо и не сме баш потполно сигурни дали тој процент ќе биде доволен да ги покрие евентуалните настани кои би се случиле и би предизвикале негово празнење односно исплата на депозитите.

Исто така, со бришењето на став 2 се брише одредбата која кажува до кога треба да се прибере вкупниот износ во апсолутен износ на капиталот на Фондот. Самото бришење по таа одредба, во услови кога се можни претстојни исплати од Фондот, можно е овие одредби да ја загрозат состојбат ана Фондот, евентуално и довербата на граѓаните.

Исто така, во истиот член 5 се даваат овластувања на управниот одбор, без посебно јасни дефинирани критериуми по кои тој ќе цени за исполнетоста на условите за престанок на плаќање на премијата на банките и штедилниците. Со тоа Управниот одбор се става во услови на можен огромен притисок од субјектите односно од тие кои би паднале под удар на овој закон, во услови кога би настанал штетен настан.

Исто така сметам дека лимитот од 2,5% на износот на премијата, нема потреба со овој закон да биде менуван затоа што тоа е горен лимит. Надлежност на управниот одбор е да цени, во одредена ситуација, одредена временски период и за одреден субјект, банка или штедилница, која е висината на премијата. Со останување на овој процент би се оставил евентуален простор, во услови кога би било потребно побрзо полнење на фондот поради реализирање на ризичен настан, тоа да се изврши, а практично се намалува ризикот.

Исто така, во ставот 3 се брише една одредба со која плаќањето на премија практично е в рзано со нивниот бонитет, односно сепак тоа е во согласност со економската логика, посигурните банки да плаќаат помала премија. И сасмата логика на осигурување на депозитите е во тоа, за поризичните осигуреници има повисока премија. Така што со укинување на оваа одредба се руши ова начело.

Уште една дилема што се наметна е новиот услов кој ги обврзува новите банки да учествуваат со 1% во Фондот.

Мислам дека држи образложението бидејќи се нови субјекти и дотогаш не учествувале во полнење на Фондот со издвојување на свои средства преку премија, дека треба да учествуваат со некој процент. Меѓутоа постои опасност, со овој цензус од 1% се намали атрактивноста , да речеме за влез на странски банки во Македонија. Така што и на самата комисија и како членови на Комисијата останавме недоразјаснети а и поделени во однос на гласањето за потребата и за неопходноста од сите овие измени, со она што претходно го кажав, навистина во останатите одредби се прави чекор напред и тие се за поздравување. Меѓутоа можеби би било најсоодветно, од страна на предлагачот, ако тоа е можно, ако не е врзано со некои рокови кои се диктирани од ММФ или од Светската банка или од преговорите со меѓународните институции, овој закон да оди евентуално во две фази за да може да се допрецизираат овие дилеми и прашања што претходно ги кажав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани патеници

Законот за изменување и дополнување на Фондот за осигурување на депозити со Предлог закон ни е даден во една фаза, значи и Предлогот за донесување и Предлог законот. Мислам дека од оваа седница треба да се поднесе Предлог законот.

Мислам дека е добро да се донесе предлог за донесување на ваков закон, бидејќи во текстот има доста квалитетни работи кои ќе придонесат за поголема сигурност на штедните влогови, на депозитите на штедачите. Во тој правец е направен овој закон. Но, има и доста грешки во ссамиот текстс на законот, бидејќи мислам дека е избрзано направен, а избрзано ние треба овде во Собранието и да го донесеме. На пример еве една грешка.

Во член 5 став 1, каде бројката 2,5% се заменува со 0,7% е во противречност со бришењето на ст ав 3 бидејќи во став 1, се дефинира дека премијата за осигурувањето на депозитите ќе изнесува најмногу до 2,5%, во стариот закон. Во новото решение е најмногу до 0,7% и ова е овозможено со став 3, а ние го бришеме став 3 од стариот закон. Има и други такви технички грешки, ако подобро се анализира овој Предлог закон и затоа сметам дека на една од наредните сендици Владата треба да го донесе како подобар и поквалитетен текст.

Второ, јас тоа го истакнав и на Комисијата дека 1% кој е додаден со нов став во член 7, за новоосновните банки не е во правец на она што се случува во државата. Ако сите ние сме согласни дека на државата и требаат нови финансиски средства и дека и требаат банки кои ќе придонесат побрзо да се подигне економијата на Македонија, тогаш зошто правиме едно ограничување односно воведуваме една паушална давачка која, новооснованата банка, при своето основање треба да ја плати од оснивачкиот влог. Некој ќе рече дека тоа е малку, 1% од основачкиот влог, но сепак тоа е паушална давачка. Тогаш ние се косиме со она другото дека сакаме да направиме ревалоризација и се бориме против монополот во државата. Има многу противречности во овој текст на закон и мој предлог е да одиме во две рази, Владата да поразмисли и да предложи подобар текст на закон кој би го усвоиле на една од наредните седници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Почитуван господине претседател, дами и господа пратеници,

Пред вас беше законот за изменување и дополнување на Фондот за осигурување на депозити. Двете комисии, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија му дадоа проодност на законот и да не настане заблуда ние расправавме на комисиите и она што беа подобрувањата технички на

Законодавно правната комисија низ амандмани го прифативме. Тие се составен дел на овој законски текст. Меѓутоа, овде настанаа дилеми од аспект на намалување на стапката од 2,5 на 0,7%. Јас овде ќе ви прочитам некои показатели кои што покажуваат дека депозитите од Република Македонија од 31 декември 2002 година до 31 мај пораснале, за 6,73%. Инаку, вкупните депозити се околу 36 милијарди и 760 милиони денари и нивната структура девизна е 70, а денарска е 30%. Така, не станува збор за недоверба во банкарскиот систем изразена преку депозитите кои што ги имамат граѓаните во Република Македонија и воопшто не станува збор за штитење на банките или можност што на банките да им наложиме. Ние, само, како Влада низ овој проект сакаме да го подобриме амбиентот, да им овозможиме на банките низ намалување на премијата, тие да донесат преку нивниот менаџмент одлуки за намалување на активните камати и нивните пласмани да бидат попристапни до стопанските субјекти. Државата нема механизам, со кој што може да му наложи на банките, бидејќи тоа се акционерски друштва. Со намалување на стапката од 5% на 4%, цениме дека и низ рокот кога треба да се заврши со прибирањето на обемот на средствата, цениме дека 4%, имајќи го предвид вкупниот банкарски сектор и вкупните депозити и состојбата во банкарскиот сектор, доволно е во Фондот да се приберат 4%, односно 1.470.000. Досега имаме 3, стапката е некаде 3,26%, така што средствата кои што задоволуваат во услови на ризичен настан да можат да се исплатат според она што е одредба кај законот, која што значи до 10.000 евра во денарска противвреност, по среден курс на Народна банка и 90% од 20.000 евра, што е сосема доволно и оценуваме вкупната состојба во банкарскиот систем овозможува овие поместувања на стапките да одат надолу. Сметам дека една институција која што е формирана, солидно фундирана, која што почнува да работи е една добра гаранција. Само некои работи ги подобруваме во насока на подобрување на условите кај банкарските институции од аспект на тоа што за едно брзо време наредната година можеме да ја акумулираме оваа сума на пари, која што е оценка 4% е доволна да биде во услови на ризичен настан на исплата на дозитите, доколку тој настан настане.

Сметам дека законот е само надополнет, тој создава еден нов амбиент. Законот е и технички и стручно погледнат од Комисијата, амандманите исто така од страна на Владата на Република Македонија се прифатени и е добра основа тој закон со измените и дополнувањата да функционира во наредниот период.

Уште една работа, сите овие податоци, бидејќи беше ставена и забелешка од недостаток на информации, само како дополнување ќе кажам и

Билтенот на Министерството за финансии и билтените на Народната банка и месечните информации на Народната банка и годишните извештаи, сајтовите на Народната банка и Министерството за финансии, овозможуваат за вас премногу информации, кои што можете секогаш да ги користите, дали за банкарскиот сектор, дали за фискалниот сектор, дали за кредитните линии, кои што во последниот билтен се презентирани, така што има море од податоци кои што можат да бидат во ваша функција. Јас ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по предлогот за донесување на закон.

На Собранието му предлагам да го усвои следниотзаклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 за и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 61 за, 1 воздржан и 7 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 6, став 2, на член 8 во воведната реченица за менување на став 4 и за бришење на воведната реченица на став 5. Член 10, став 1 и 2, член 11 став 3, 4 и 6 и член 12 во новниот член 17-г, со кои се согласил претставникот на Владата.

Сите тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на закоот.

Дали некој бара збор по текстот? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 61 за и 9 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Замонот за Фондот за осигурување на депозити.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за централен регистер, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор?

Господин Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Основањето на Централниот регистер на Република Македонија и трансформацијата на поранешниот Завод за платен промет од страна на минатата Влада беше квалификувано како голема реформа во Република Македонија. Зошто ваквите големи реформи не беа почувствувани од стопанството и од граѓаните на Република Македонија. Затоа што ваквите реформи уредуваат некои односи, кои на краток рок не значат скоро ништо, ниту за стопанството, ниту за населението, развојот и подобрувањето на стандардот на истото, а неговите ефекти на промената на стопанската структура и на економијата на подолг рок се незначителни.

Бидејќи, со пренесувањето на делокругот на работа од Заводот за платен промет на Централниот регистер се пренесе и имотот, опремата и вработените, не се создадоа ниту услови за некакво растоварување на стопанството и намалување на јавните давачки. Дури со пренесувањето на платниот промет во деловните банки, наместо растоварување на стопанството, се појавија нови давачки. Така, денес со плаќањето на надоместокот за вршењето на платниот промет на деловните банки, се плаќаат само нивните услуги, а остана проблемот со финансирањето на останатите услуги што ги даваше бесплатно тогашниот Завод за платен промет. И, не само тоа, Заводот за платен промет вршеше и едукативна и информативна дејност за стопанските субјекти, а сите трошоци ги покриваше со надоместокот за платен промет. При донесувањето на законот за централен регистар во член 26 се утврди дека доколку остварените сопствени приходи на Централниот регистер не се доволни за покривање на трошоците на работењето, недостигот на средства ќе се покрие од Буџетот на Република Македонија. Се

разбира, бидејќи потребите на стопанските субјекти од услугите на Централниот регистер не беа во таков обем на да ги покријат сите трошоци на работењето, мораше да се интервенира и тоа како. На 28 декември 2001 година поранешната Влада ја донесе тарифата за висината на надоместокот за користење на услугите на Централниот регистер и за да успее да обезбеди повеќе средства покрај услугите што регистерот ги врши на барање на стопанските субјекти, во тарифата стави и услуги кои регистерот ги обавува во свој делокруг на работа, согласно со законот. Така, се воведе тарифа за упис на пријава, за бришење на упис, за прием на годишни пресметки и т.н, услуги кои Централниот регистер беше должен да ги обавува по закон, а трговските друштва беа должни да ги поднесуваат податоците до Централниот регистер. Се разбира, Уставнот суд на Република Македонија ги укина сите овие тарифи за оние услуги, кои трговските друштва ги бараа од регистерот по сила на Законот, а не по нивна желба. И, што сега? Уништивме една институција, која со својот професионализам, обем на услуги и висината на надоместоците што ги наплаќаше за тие услуги, беше една од најстабилните во државата, а наместо тоа им отворивме работа на деловните банки и создадовме институции, кои за жал, самостојно не можат да се финансираат и тоа се едно единствено образложение, такви институции на Запад не постоеле. Дали фактот дека на Запад не постоел Завод за платен промет требаше да биде доволен аргумент да пристапиме кон негова трансформација. Дали во оваа област не бевме и пред западните земји. Па, сететесе во поранешна Југославија имавме општински, ребулички и сојузни дасноци. Сето тоа функционираше без проблеми, а се финансираше единствено од надоместокот на платниот промет. Знае ли некој да објасни уште колку нови институции или дополнувања на дејноста на постојните ќе треба да се напрат со новиот трезорски систем и со децентрализацијата на локалната самоуправа. Поука што треба да произлезе од ова, гласи, понекогаш избрзуваме со некои реформи, за кои развојот на општеството сеуште не е на тој степен, кој ќе одговара на истите. А, едноставното копирање на законите и институциите од Запад, можат да ни донесат многу проблеми. Зошто да не помислиме дека и кај нас има нешто добро. Ако целта ни е само да имаме закони, кои ќе ги набројуваме пред гласачите на изборните митинзи, тогаш сме го промашиле методот за добивање на избирачки гласови. На Македонија и се пторебни реални реформи, реформи кои ќе значат и реални промени на системот, а не нормативни и козметички измени, кои ќе не убедуваат дека живееме многу подобро, а народот чудно, ама не ги чувствува нашите реформи. Сега, детето е

родено, ама пред време. Бидејќи, самостојно не министеротже да се одржува во живот, мораме да го ставиме во инкубатор, а знаете тој чини пари. Од каде ќе ги земеме тие пари. Се разбира, од стопанството. Дали тоа ќе го направиме, како што го направивме во 2000-та година, со задолжителни услуги кои стопанските субјекти ќе мора да ги бараат и ќе мора да ги плаќаат на Централниот регистер, или во спротивно од Буџетот на Република Македонија, за мене, е сеедно.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Поповска е последна пријавена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е предлог закон за изменување и дополнување на Законот за централен регистер. Имено, на оној закон што беше донесен во 2001 година икој што навистина претставуваше еден вовед во едно поинакво пазарно стопанство, меѓутоа, кој што остана со одредени недоречености и празнини и кои што поради тие причини не можеше до крај да биде исползуван. Така, овој предлог на закон го сметам како еден значаен прилог кон претворање на Централниот регистер во ефикасен сервис на граѓаните, она што треба и да биде. Тој, навистина, не е голем по обем, меѓутоа, има неколку значајни елементи, кои што би сакала да ги спомнам.

Пред се, во овој закон се расчистуваат некои лексички и семантички недоречености, што мене посебно ме радува и со тоа се прецизираат одредени одредби.

Второ, овој предлог на закон овозможува прецизно да се дефинираат сите оние услуги кои што Централниот регистер може да ги даде и на тој начин создаваат реална, валидна законска основа за вршење на тие услуги и за соодветна наплата на на тие услуги. А, токму начинот на финансирање на Централниот регистер е третиот елемент кој го содржи овој закон и по кој е значен, со што за прв пат се прави едно иземање на оваа институција од капата на буџетот и се остава на самофинансирање. На овој начин се постигнува растоварување на буџетот од една обврска, меѓутоа, се постигнува и втора работа, која што е можеби уште позначајна, а тоа е со сигурност дека ќе се овозможи поголема ажурност на Централниот регистер, што повторно ќе оди во прилог на ефикасно сервисирање на потребите на граѓаните.

Инаку, само да напоменам, според податоците кои што ги добив во врска со оваа материја дека овој начин на финансирање и на давање услуги на Централнот регистер е усогласен со искуствата од другите земји. Затоа, би кажал и во мое лично име, а и во име на моите колеги од Либерално - демократската партија дека ние овој предлог на закон ќе го поддржиме.

На крајот, само би додала уште нешто во врска со ова прашање, што можеби би можело да биде корисна сугестија и за предлагачот, за Министерството за финансии. Сметам дека е потребно посеопфатно информирање на граѓаните и на сите правни субјекти за значењето на Централниот регистер и за сите можности и бенефиции што им се на располагање, доколку ги користат неговите услуги. Затоа што, користењето на податоците од Централниот регистер е неопходно меѓу останатото за секој заинтересиран инвеститор во Република Македонија. Така што, би било логично да се размисли при промоцијата на инвестиционите можности во нашата земја задолжително да се појасни и улогата и сите услуги и условите под кои што работи Централниот регистар.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Уште еднаш благодарам претседателе,

Само кратко ќе кажам неколку збора, факт е дека и ова е предложената измена која има позитивни конотации најмногу во делот каде што, сепак, се растоварува буџетот од обврска за финансирање на Централниот регистер и се оспособува оваа институција за самостојно делување во смисла и на самофинансирање. Останува дилемата за тао дека тоа претставува дополнително оптоварување за стопанските субјекти, посебно за услугите кои што се задолжителни за нив. Меѓутоа, она што мене, би саксал да добијам објаснвуање ако е можно, е за трошоците на основните регистри, бидејќи со член 6 се отфрлаат, односно се укинува делот каде се третираат тие, трошоците на основните регистри направени во врска со внесување на податоците во Централниот регистер, дали и на кој начин би биле тие покривани во иднина, бидејќи со овој закон, таа одредба воопшто ќе ја нема.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар.

Ве молам да гласаме?

Гласале 61 пратеник, 53 за, 6 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме?

Гласале 61 пратеник, 58 за, 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 2-а по членот 2 и на член 6 став 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 со кој се согласил претставникот на Владата.

Тие се составен дел на текстот на Прелдогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Дали некој бара збор по текстот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлгото на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 57 гласале за, и 8 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за лизинг, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 61 за, и 3 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали се согласувате на оваа седница да се претресе и Предлог законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 65 за, и 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог законот.

Отворам претрес по текстот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 11 став 4 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваем со претрес по текстот на Предлогот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 68 пратеници, 67 гласале за, и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг.

Почитувани пратеници, благодарам за кооперативноста.

На 22 јули продолжуваме со новозакажаната седница која е по ред, а оваа седница ќе ја продолжиме веднаш по завршувањето на таа седница. Ако завршиме во вторник, во среда продолжуваме со оваа, а ако во вторник и среда трае старата седница, во четврток се пратеничките прашања, а оваа седница ќе продолжи во петок.

Седницата прекина во 15,15 часот.